## Нове Младеновски



# ОДБЛЕСОЦИ ОД ВЕЧНОСТА

Македоника
литера

**Нове Младеновски**
# ОДБЛЕСОЦИ ОД ВЕЧНОСТА

МАКЕДОНИКА
литера
www.makedonikalitera.mk
E-mail: makedonikalitera@yahoo.com

© Нове Младеновски, 2015
© Правата за ова издание на македонски јазик ги има Македоника литера. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и во електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

**Нове Младеновски**

# ОДБЛЕСОЦИ ОД ВЕЧНОСТА

МАКЕДОНИКА
литера
**Скопје, 2015**
**МАКЕДОНИЈА**

“Each of us has all the time there is. Those years, weeks, hours are the sands in the glass running swiftly away. To let them drift trough our fingers is tragic waste. To use them to the hilt, making them count for something, is the beginning of wisdom“. Eleanor Roosevelt (1884-1962)

# Вовед

Митот за Атлантида, кој упорно се возобновува од генерација во генерација, кај многу народи во светот ја храни колективната фантазија и ја предизвикува науката да трага по материјални и историски докази.

Библиската приказна за Големиот потоп, за која се покажа дека има зачудувачка сличност со предание во „Епот за Гилгамеш“ од старите Сумери, и натаму има слични ефекти врз научните, теолошките и културолошките пристапи. И Атлантида, и Големиот потоп се и предание и хипотеза. За атеистите Потопот е илустрација на немоќта на живиот свет да се спротивстави на силата на природата. Од религиозен аспект, одлуката за тоа дали ќе опстане и колку долго ќе постои човечкиот род, па и кој било народ, е само Божја и ничија друга. Од научен аспект пак, човечкиот род, ексклузивен носител на свесноста, како и сѐ друго е подреден на универзалниот Закон на веројатноста. Според тој Закон, појавувањето на човештвото и неговото исчезнување, се еднакво веројатни. Во книгата е претпочитан првиот – религискиот аспект.

Атлантида – без разлика дали отсликува митологија или реални историски (физички) настани – останува еден вид светско или општо културно богатство на кое имаат еднакво право сите денешни народи. Потрагата по Атлантида, како и по Ноевиот кораб е постојана – сите народи ги бараат во својата непосредна близина. Така, и симболичниот **Ма** народ од „Измешани светови“ го прави

истото – Атлантида и Големиот потоп ги сместува во својот простор и во својата историја.

*****

Во овој роман „Одблесоци од вечноста“, како продолжение на „Измешани светови“, потонувањето на половината од земјата **Ма** во Големиот потоп ги илустрира длабоките лузни во колективниот ментален супстрат оставени со стогодишната поделба на денешниот македонски народ.

При Потопот, грст од симболичниот **Ма** народ бива однесен од ветерот и брановите на непознати острови. Таму, во потполна изолација, од тоа јадро се возобновува мало засебно царство – еден вид минимизирана копија од некогашното **Ма** царство.

По илјада години паралелно постоење, доаѓа до соочување на минијатурата со оригиналот. Контактот на единствениот преживеан од минијатурното загубено царство со зародишот (оригиналот) се претвора во психолошка драма низ која поминуваат неколку ликови. Вистината за милениумските страдања на **Ма** народот бива скриена во кориците на Златната книга на која трагот ѝ се губи сѐ до времето кога Крис од условно Идното време се замонашил.

*****

На животот му е потребна цел и предизвик. Опстојувањето во физичкиот свет бара истрајност, посветеност, напор, дисциплина и самопожртвуваност. Кога ќе се досегне целта, кога ќе се постигне максимумот во кариерата, кога ќе се оствари сонот, кога ќе се досегне интелектуалниот лимит, тогаш се отвора полето на духовно осло-

бодување – насочување кон духовните вредности. Токму тоа му се случува на Крис.

Смислата е таа што го води физичкото тело до крајот. Ако не постои смисла, староста се претвора во еден вид вегетирање. „Одблесоците од минатото“ и иднината, сместени во волуменот на колективната меморија на **Ма** народот, се огромно големи и исто толку важни. Во исто време, поставени на правата линија, без почеток и без крај, наречена Време, тие се толку мали и ништожни... Крис е свесен за минливоста и за сопствената ништожност споредена со вечноста. Тој гледа дека и судбината на неговиот **Ма** народ, посматрана од аспект на временскиот бескрај, е подеднакво ништожна и безначајна. Затоа и одлучува да ја одложи (залие) тајната за **Ма** народот во крстот – безвремениот симбол на врската меѓу него и Создателот.

*Авторот, Мелбурн 2012*

# ОДБЛЕСОЦИ ОД МИНАТОТО

## Многу, многу одамна – можеби пред повеќе од десет илјади години во Атлантида

Овде-онде, низ јужната страна од ридот на кој се извишуваше огромната царска палата, отворените цветови од качунките го најавуваа почетокот на пролетта. Како и секоја претходна пролет, во наредните неколку дена пред прозорецот од работната соба на царот Ак`л Вториот, природата – најголемиот уметник – ќе ги разбуди сите до една од заспаните качунки и ќе ја обои падината во жолто. По некое време, ќе ја додаде низ качунките првата шара од виолетови темјанушки. Откако ќе се распостелат темјанушките, качунките ќе почнат да прецветуваат. Во истото време, низ падината расфрлани дренови грмушки пупеа забрзано. По појавата на нивните цветови, качунките веќе ќе бидат прецветани, а ни темјанушките нема да траат долго. Пчелите во континуитет од неколку месеци нема да здивнат од собирање цветен прав и нектар. Горе, високо на небото, првите ластовички речиси бесшумно летаа секоја во својот правец. Некои од нив застанати на стреите пеат во хор. Како не би пееле кога пред нив, низ цветните ливади околу палатата, бубачки има во изобилство. Во паузите меѓу две песни, ќе запловеа удолу над падината и без многу напор ќе зграбеа по некоја бубачка.

Царот, меѓу два приема, ќе застанеше пред прозорецот и ќе го шеташе погледот од едниот крај на видокру-

гот до другиот. Процесот на промена на падината од белината на снегот во навезен цветен килим, секоја година беше ист. За останатите од кралското семејство овој ритмичен процес беше премногу едноличен и ни малку не му обрнуваа внимание. Царот пак, секоја пролет одново и одново ѝ се препушташе на опивката од мирисливите цвеќиња. Мирисот на пролетта и магијата на падината лесно го враќаа во детството. Секоја пролет, дневно по неколку пати во мислите се гледаше себеси, како си игра со кутрето растрчан низ падината. Зелениот килим од густата трева му беше безброј пати подобар за играње отколку дебелата црвена јамболија распослана во неговата детска соба. Трчаше по пеперутките што не му обрнуваа внимание, а понекогаш и ќе го поткаснеше некоја од пчелите ако премногу ги вознемиреше додека собираа цветен прав. Тоа, детето, низ падината секоја пролет беше распеано, здраво и пресреќно во својот свет ишаран со волшебни бои. Овој овде, сегашниот голем цар на најмоќното царство на планетата, кога ќе постоеше подолго време, ќе почнеа да му се тресат нозете. Реумата го притиска, телото слабее, помнењето го издава, лицето се збрчкува, а од некогаш бујната коса, останале само неколку влакна бели како свила. Беспрекорната царска облека заедно со светнатата круна беше таа што ги прикриваше еднаквостите со обичните смртници од иста возраст и му даваше немерлив авторитет и надворешна цврстина.

Во мигот, во мислите вратен во детството, со умот втопен со падината, речиси и не трепкаше со очите... Во еден момент ги подигна рацете и со грубите дланки ги протри очите. И тие, очите, честопати го подлажуваа – го доведуваа до погрешни заклучоци. Нагоре низ падината, едвај видлив, се приближуваше коњаник. Царот уште

еднаш ги протри очите за да се осигури дали коњаникот е вистински или е дел од претставите од детството. Овојпат немаше дилема – коњаникот што иташе по кривулестата патека кон палатата, го врати во реалноста. Љубопитно го следеше со погледот сè додека не се искачи доволно блиску за да го распознае. „А, тоа бил Дамјан, сигурно го испраќал брат му“ – си прозборе царот и им се врати на пергаментите распослани на работната маса.

*****

Некое време подоцна, Дамјан, помладиот принц, влезе во приватната одаја на царицата.

– Здраво, синко Давиде, што ти текна да ја посетиш старата мајка?

– Мамо, пак грешиш. Јас сум Дамјан, Давид замина на југ, а не јас.

– Е, добро де сине, не лути се. Очите слабо ме служат, а и Создателот ве даде исти како да сте близнаци, а не сте.

– Мајко, а зошто си ме родила неполна година по Давид? Да си почекала некое време, можеби ќе бевме многу поразлични отколку што сме.

– Сине Дамјане, ти како да се шегуваш со стара мајка, ама ќе ти ја кажам вистината. Некој му рекол на татко ти дека ако децата се еднoподруго, сигурно ќе бидат од различен пол. Татко ти го сфатил тоа сериозно, па оди и разбери се со него. Наместо ќерка, на што тој потајно се надеваше, ти дојде на свет.

– Ха, ха, ха! – гласно се насмеа Дамјан. – Не сум знаел дека стариот бил толку суеверен.

– По толку години, благодарна сум му на Создателот – израснавте вистински мажи...

– Мамо, се повторуваш. Пак ќе почнеш да нè прекоруваш зошто уште не сме женети, а се ближиме кон триесеттата.

– Е како не би ве прекорувала, ми требаат внучиња – себични едни...

– Знам мамо, знам. Повеќепати си ни го рекла тоа. Бато Давид е постар, зошто него не го притиснеш? Тој треба прв да се жени, па јас по него. Нели таков е редот, мамо?

– Се расправам јас и со него, немој да мислиш дека тој е поштеден, – се подзамисли царицата, па праша со сериозен тон. – А каков е неговиот план? Колку време ќе остане во Атлантис?

– Па, мислам не повеќе од два месеца. Треба да се сретне со тамошните управители. Знаеш дека по катастрофалната суша од пред две години јужната провинција бавно се извлекува од сиромаштијата.

– Синко Дамјане, ќе го поправи тоа природата сама по себе. Можеме да ѝ се лутиме колку сакаме. Во суштина ништо не ѝ можеме. Туку се прашувам јас нешто друго. Како ли ќе издржи неговата свршеница без него која тукушто почна да се буди, како пупка на јаболково дрво. Само што не процветала, а тој неколку месеци далеку... Греота е, деца.

– Де, мамо! Ништо нема да ѝ биде. Вие жените постојано мислите дека не ви се посветува доволно внимание.

– Како, бре синко, да не мислам. Ене го оној стариот, ќе се затвори во царската одаја и по цел ден претура по долапите. Постојано некои луѓе влегуваат и излегуваат, а јас немам со кого муабет да си направам. Ми здодеа да разговарам со слугинките и со војниците низ палатава. Му велев да почека додека добро не затопли, па потоа да го испрати брат ти на Југ, а тој запнал за

вести оттаму од прва рака. Без тоа не можел да одлучи колку жито да испрати на Југ.

Пријде и го прегрна синот.

– Ох, Дамјане! Да знаеш само колку лоши соништа сонувам во последно време.

– Ајде мамо, не претерувај. Премногу грижи си ставаш на срцето. Погледај ја реалноста – царството е во подем, насекаде се градат нови патишта, жито има за неколку години, народот е задоволен, армијата е силна и лојална, тато е почитуван и сакан од народот. Што сакаш повеќе од тоа?

– Не, не сакам ништо. Не се грижам јас за царството, синко. Се грижам јас за вас двајцата. Откако ве родив, целата љубов и смислата на моето постоење се сврте кон вас двајцата.

– Така е мамо, кога не сакаше да ни родиш сестра или уште еден брат.

– Не беше до мене синко. Прашај го стариот. Кога требаше да раѓам, јас бев сама. Татко ти беше во војна. Сакаше обединето силно царство. Еве, го има царството, ама радоста пропуштена во младоста не се враќа. Постојано велеше дека не е време, а кога се разболев, не можеше да си прости.

– Мамо, ајде смири се – полека се „измолкна“ од нејзината прегратка и ѝ помогна да седне на софата. – Зар не гледаш, мајко, дека сме пораснати, не сме деца, а ни на тато не му е лесно. За да води олкаво царство, му треба помош мамо – му треба поддршка и разбирање.

– Знам, синко, знам. На татко ти царството му е на прво место, па потоа семејството. Мене, и онака подолго време не ми обрнува внимание. Можеше барем да почека до роденденот на Давид, па потоа да го прати на Југ. Знаеш ли дека по три недели тој полни триесет години.

Ех, колку би ми значело барем едно внуче да имам крај мене... – подзастана, па продолжи – Поседи малку со мене, сине Дамјане, не оставај ме сама – му рече кога виде дека тој се упати кон вратата.

– Мамо, мора да одам. Ти треба ли нешто да им речам на слугинките да ти донесат?

– Не синко, ништо не ми е потребно, – повеќе низ шепот прозборе и прилегна на софата.

Подоцна, Дамјан седеше на длабоко резбарен стол пред работната маса на татко му.

– Па, синко Дамјан, какви вести носиш? Што кажаа управителите на окрузите – колку жито може да одвојат за Југот? Пролетната сеидба не смее да се пропушти. Последната порака од вујко ти од Атлантис е дека има доволно влага, единствено бараат повеќе семе?

– Татко, мислам дека ќе се собере доволно за семе. За храна, за жал, ќе има помалку од лани. Јас мислам да почекаме додека Давид се врати, па ќе можеме попрецизно да испланираме.

– Не синко, нема да чекаме. Семенските култури мора што поскоро да се подготват за превоз на Југ, а количината за храна ќе ја утврдиме откако ќе се врати брат ти, – се подзамисли царот, па малку на смеа додаде: – Нека ловат риби, ги има доволно во океанот, зар не?

– Татко, транспортот ќе биде голема логистичка операција. Се прашувам само дали ќе имаме доволно запреги и доволно коњи и волови?

– Сега сфаќаш Дамјане зошто баш тебе и брат ти ве одредив за да ја водите операцијава. Југот не смее никако да заслаби. Ако е потребно и војската вклучете ја... Де, помогни ми да го соблечам палтото. Почнува да затоплува надвор.

Дамјан му ги откопча златните копчињата од палтото, па го потегна ракавот преку дланката на татко му. Царот имаше слуга кој исклучиво се грижеше за неговиот изглед и облекување и за вакви работи го повикуваше него. Кој би знаел зошто овојпат царот не го побара слугата, туку го замоли синот да му помогне. Можеби затоа што се чувствуваше премногу близок со синовите. Ја извлече раката од левиот ракав, па му ја подаде десната. Дамјан пак го повлече ракавот од палтото. Со ракавот Дамјан случајно ја завлече и кошулата. Неколкуте горни копчиња од кошулата за миг испукаа. Грст бели влакна се покажаа од под кошулата. Татковите гради постанаа потполно откриени.

Царот Ак'л Вториот беше висок со широк граден кош. Кога беа мали, Давид и Дамјан честопати, глава до глава, лежеа врз истите гради бескрајно среќни и спокојни. Однатре, срцето негово, со својот едноличен ритам ги опушташе, а понекогаш и ги заспиваше. Ни малку не им сметаше правоаголната златна амајлија обесена на синџирче околу неговиот врат. Татко им никогаш не ја вадеше амајлијата и затоа, додека беа мали, мислеа дека амајлијата е дел од неговото тело. Кога потпораснаа и кога разбраа што е срам, престанаа да му ја откопчуваат кошулата на татка си. Подоцна преку баба Фросина дознаа некои интересни работи за таинствената амајлија. Според неа, тоа и не беше некоја голема тајна. „Се работи за вековен обичај во ***Ма*** царството, кога ќе остари царот, да ја предаде амајлијата на оној што тој лично ќе го избере за наследник. Кога царот ќе почине, тој што ја има амајлијата се прогласува за цар, веднаш по погребот". Од моментот кога го слушнаа ова, браќата започнаа жесток натпревар меѓу себе за потврдување и самодокажување.

До моментот на пукањето на копчињата од кошулата, Дамјан дури имаше и заборавено на амајлијата. Се подразбираше дека таа е на татковите гради. Тој сѐ уште со полна самодоверба и неуморно го водеше царството, па за тоа на кој ќе му припадне амајлијата и должноста да го води царството, беше прерано да размислува. И еве, се случи Дамјан во миг да стане свесен дека ја изгубил братската трка. За него, непојавувањето (непостоењето?) на амајлијата на татковите гради, значеше само едно – тој е губитникот. Татко му веќе ја подарил довербата на брат му Давид.

Без збор, без никаква гримаса на лицето, со небаре замрзнат поглед, го остави татка си разголен, се упати кон големата врата и излезе. Дури не ја ни затвори вратата зад себе. Царот остана зачуден од реакцијата на синот, обидувајќи се да го закопча најдолното копче. Дури кога стигна до третото, во висина на срцето, се свести дека амајлијата не е на неговите гради. Прстите сами од себе му се згрчија. Дланките му се вкочанија. Неконтролирано се спушти на столот, небаре се струполи, а силуетата на син му веќе се изгуби зад аголот на крајот на долгиот ходник. Така, речиси полугол, се фати за главата. „Ох, сеопшт Создателу, каква непоправлива грешка направив!“

Слугата од пред вратата, кога го виде царот седнат со раскопчана кошула, брзо ја затвори вратата. Царот почна да се прибира со мислите. Веќе подолго време, внатре во душата, го јадеше искушението – кој син да го одреди. Нивната недвојбена еднаквост во сѐ, на моменти го доведуваше до очај. Не само физички, тие беа и ментално речиси еднакви – како да постоеше еден ум во две тела. Подолго време гледаше по каков било знак кому од нив двајцата да му го повери царството. Честопати, скришум одеше во големиот храм, застануваше пред молитвеникот

и го молеше и молеше Створителот да му покаже кој син подобро ќе го води царството. Ќе стоеше простум сè додека нозете не почнеа да го болат, па ќе си заминеше. И секогаш заминуваше без одговор. Наутро кога ќе се разбудеше, се обидуваше да се сети на секој поединечен сон, попусто барајќи каков било знак за својата дилема.

На денот на заминувањето на Давид на Југ, ете, наместо разумот, му се случи емоциите да му пресудат на искушението. Што, всушност, се случи?

*Неколкуте товарни коли, подготвени за тргнување, беа построени во колона на јужната страна од палатата на приватниот излез. На чело беше лесната патничка царска кола, а пред неа дузина силни коњаници. Царот го гушна Давид и му посака добар пат. Преку колата, на спротивната страна, горе на прозорецот ја забележа неговата свршеница, со крупни солзи што ѝ се лизгаа низ навидум смиреното лице. Глетката за момент го врати царот во младоста, кога речиси во истоветна положба го испраќаше неговата свршеница – сегашната царица – во војната што потраја речиси осум долги години. Со задоцнување од ист број години, се појави пред свршеницата што го чекаше и го дочека. Набргу му го роди Давид и неполна година подоцна на свет дојде Дамјан. Двете машки деца донекаде му го надоместија предолгото отсуство од семејниот живот.*

*Додека размислуваше за својата младост, го пушти Давид од прегратката, па направи неколку чекори назад. Давид само што немаше изустено – „тргнуваме“. Се заврте царот, а свршеницата на Давид сè уште стоеше на прозорецот. Царот, гледајќи горе кон неа, со рака му даде знак на Давид да почека.*

*– Тато, што заборави? Требаше веќе да сме тргнати.*

*Царот не одговори ништо. Пријде блиску до колата, се затскри зад вратата, ги откопча горните копчиња од кошулата. На длабоко изненадување на Давид, ја извади царската амајлија. Во следниот момент таа висеше околу вратот на Давид. Го гушна уште еднаш и ја затвори вратата.*

*– Ајде, тргнувајте.*

*Колоната ја напушташе палатата, а царот со длабоко олеснување се враќаше кон своите работни одаи. Конечно му стави крај на искушението. Можеби ова што го стори царот беше момент на слабост, можеби чиста случајност, а можеби и судбина. Како и да е, од тој момент очајот почна да го демне Дамјан, а нестрпливоста Давид.*

*****

Царот, Ак'л Второт, навистина се трудеше да се однесува кон синовите праведно, а еве доведен до безизлез, предавајќи му ја амајлијата на Давид, посади јатка на презир што ќе изрти во срцето на Дамјан на денот кога ќе дознае за тоа. Знаеше дека еден ден, кога Дамјан конечно ќе стане свесен дека брат му Давид е новиот цар, ќе се чувствува повреден, налутен, натажен и разочаран. Веруваше дека тоа ќе се случи по неговата смрт и нема да го види Дамјан во такво издание. Ама ете, судбината сакала јатката на презирот да се отвори предвреме.

Седеше на тронот скршен, натажен и немоќен, отсутно гледајќи во големата дрвена врата низ која пред само неколку мига без збор излезе Дамјан. Отсега, наместо тешката дилема „кој е подобриот?", презирот од Дамјан е тој што ќе ја измачува неговата душа до крајот на животот.

## Патувањето на Давид, постариот принц, во загрозената зона на Југ

Во исто време, додека царот длабоко се прекоруваше за случката со Дамјан, колоната од дваесетина коњаници и неколку запрежни коли, секоја влечена од по шест силни коњи, полека се движеше кон Југ. Личеше на црв што лази по бескрајно долгиот кривулест пат што се извиваше низ ритчестиот крај. Давид, испружен во удобната кабина дремеше со полузатворени очи. Мислите час му бегаа назад кон преубавата свршеница, од која секој миг сѐ повеќе се оддалечуваше, час низ подотворените очи ќе погледнеше во папирусот со исцртаната карта на царството, обесен од спротивната страна на седиштата. На југ, цела една провинција, вклучувајќи го крајбрежјето, беше назначена со црвена боја. Беа оддалечени неколку дена патување до мостот означен на картата, што беше точно на границата со посочената зона. Со црвено назначената зона низ полузатворените очи му создаваше рој мисли. Пред да тргне на овој далечен пат, разговараше со најстарите царски службеници по потекло од Југот за последната суша и сите до еден беа видно зачудени и неодредени. Ни најстариот од нив не памети вакво нешто. Дури и врховниот свештеник, кога Давид го запраша за мислење, не одговори ништо конкретно – ја подигна главата, се загледа кон сонцето и тивко прозборе: „Само Создателот знае, Давиде. И кога наградува и кога казнува, само Тој ја знае причината. Ние ја имаме вербата во Него и најмногу што можеме да сториме е искрено да ја изразуваме нашата покорност“.

„Ако сушата потраеше, гладот ќе беше неизбежен. Северот нема толку житници за да може неколку години да го храни целото царство. Голема среќа е што пролетта почна вообичаено со доста врнежи на Југ. Ова влева силна надеж дека тековната година ќе биде како и пред сушата. Најверојатно, по две години последиците ќе постанат невидливи“ – размислуваше Давид, полека препуштајќи му се на сонот.

*****

По една недела патување, почнаа да навлегуваат во погодената провинција. Како што напредуваше колоната, така бојата на пејзажот се менуваше од разиграна зелена во тажно сива. Едно утро, колата во која спиеше Давид започна невообичаено да се тресе и да потскокнува. Давид ги протри очите, се проѕевна и сè уште лежејќи ја поттргна тешката завеса од чија надворешна страна се крена облаче прашина. Патот врвеше меѓу благи височинки. Скудните грмушки низ височинките, како и покрај самиот пат, беа потполно суви. Овде-онде, од нивните корења се подаваа нови фиданки. Пукнатините од сушата по самиот пат беа само делумно исполнети со земја и чакал и сè уште беа препознатливи. Тие го предизвикуваа тресењето на колските запреги. Водачот на колата цврсто ги влечеше уздите, во исто време викајќи им на коњите да забават. Набргу застанаа.

Принцот Давид се симна од колата. Претходницата беше застаната пред мостот што ги поврзуваше двата краја од, не толку длабокиот, сув поток. Тој се упати право кон мостот. Крај него беа неговите верни заштитници. Од последната суша дрвениот мост како да се собрал во себе – се одвоил од брегот на двете страни во

должина од неколку стапки. За да може, колку-толку да се мине, некој претходно ставил труп меѓу крајот на мостот и брегот. Импровизацијата беше доволно добра за лесните двоколки, ама за големите натоварени коли мораше да се наредат уште неколку помали стебла... Додека војниците го оспособуваа приодот кон мостот, Давид застанат на каменитиот брег на сувиот поток, со неверување гледаше во последиците од сушата видливи насекаде. Сите, и онака закржлавени дрвја по должината на потокот, беа исушени. Точно по средината на потокот се наѕираше пукнатина – наместа поширока, наместа потенка, а на некои места потполно се губеше. Токму таа му го обзеде вниманието. Без многу напор се спушти низ благата камена стрмнина долу кон подножјето, на местото кај што пукнатината беше доста широка. Војниците го следеа во чекор. Речиси беше слезен во подножјето, кога за миг му претрча преку лицето сончев зрак дојден од длабочината на пукнатината. Тоа беше доволно за Давид да сфати дека во процепот има вода. На местото кај што застана, непосредно пред него, процепот беше доволно широк дури и човек да пропадне. Тој ни малку не се колебаше, пријде на неколку стапки од работ на пукнатината. Неколкуте војници околу него видно ги фаќаше паника.

– Господару, те молам, не приоѓај толку блиску! – му велеше најсилниот, обидувајќи се да застане помеѓу него и пукнатината што заканувачки зјаеше пред нив.

– Ајде, смири се војнику, морам нешто да проверам. Тргни се од пред мене.

Војникот, неволно се поттргна настрана.

– Добро, кој од вас има храброст да ја опчекори пукнатинава? – Давид уште не доректол, а истиот војник веќе се најде расчекорен над пукнатината.

– Дали пукнатината оди вертикално? Гледаш ли вода? Колку мислиш дека е длабоко?

На првите две прашања доби потврден одговор, а на третото: – Изгледа многу длабоко, господару.

– Еве, пушти го овој камен.

Војникот над пукнатината го пушти каменот, а Давид почна да брои во себе. По подолго време пригушен звук од ударот во водата едвај допре на површината.

– Можеше ли да го видиш бранувањето на водата?

– Не господару, се чини доста длабоко.

– Добро, доволно е. Ајде, се враќаме горе.

Во меѓувреме придружбата го среди приодот и првата кола веќе поминуваше преку мостот. Подоцна, кога Давид седнат во својата кочија, поминуваше преку средината на потокот, за миг успеа повторно да го фати слабиот одблесок на сонцето во водата од длабочината на пукнатината. „Мајка природа – сила неизмерена“ – си рече во себе.

*****

Уште неколку дена, не сметајќи ги кратките починки, непрекинато се возеа на југ кон океанот. Околината станува́ше сè понегостопримлива. Сенка немаше ни на повидок. Ретките исушени грмушки, од чии гранки ветровите одамна го издувале и последниот лист, се протегаа во недоглед. Ќе се појавеше и по некоја топола чии суви и голи врвови што стрчеа угоре, впечатливо говореа за размерот на катастрофалната суша. Спротивно на тоа, долу на земјата, новоизраснатата трева донекаде ја ублажуваше морничавоста на погледот. Некои од нивите низ котлините беа изорани, а ендеците овде-онде беа покриени со качунки што ја намалуваше загриженоста на Давид за опстанокот на луѓето од овој дел од царството.

## Пристигнувањето на Давид во градот Атлантис

Давид имаше повеќе од доволно време за размислување. По три недели патување, на портите на приморскиот град Атлантис, центарот на Јужната покраина, ги пречека вујко му Ангелариј, управител на покраината, со највисоки војнички почести.

На зајдисонце, Давид седнат на врвот на кулата, во средината на големата тврдина му се восхитуваше на залезот на сонцето. Далеку на запад, на работ на морската шир, сонцето полека се спушташе зад хоризонтот, а неговиот одраз се капеше во руменилото во водата. Прекрасната глетка не успеа за долго да му го плени погледот. Со очите беше тука, ама мислите пак му заскитаа назад кон царската палата далеку на север. Го откопча средното копче, ја вовлече раката под кошулата и ја стегна амајлијата со дланката. Се родил на денешниот ден точно пред триесет години. Од татко му на подарок го доби најголемото нешто што во царството можеше да се замисли – татко му го избра за негов наследник. Му искажа доживотна доверба. Моментов беше идеален за излив на радост и задоволство, сепак нешто му го кочеше изливот на воодушевеност. Додека ја стегаше амајлијата, другиот дел од умот дискретно му напомнуваше за огромната одговорност за просперитетот на вековното царство и среќата на ***Ма*** народот. Мислите му се вратија на дедо му Ак'л Првиот и назад по ред на претходните цареви – секој со по нешто присутен во преданијата. Секој од нив оставил свој печат врз периодот во кој владеел. Да се

биде цар, наследник на татка си Ак`л Второт, нема да биде ни малку лесно. Неговото дело, низ многу наредни поколенија, нема да може да се повтори. Народот го обедини, царството го прошири. Создаде армија со која ниедно царство не се осмелува да си ги одмери силите. Изградени се бројни нови патишта и канали за наводнување. Развиено е земјоделие што произведува дури и повеќе од потребното за убав живот. Најверојатно и уште многу работи ќе направи татко му пред да му го предаде царството. „Татко, ќе го оправдам твојот избор. Се колнам со синиот бескрај пред мене. Се колнам со небескиот свод над мене. Се колнам во Создателот. Сигурно нема да бидам лош владетел. Верувам дека Создателот оставил нешто и за мене по што ќе ме запамети народот“.

Ја стискаше амајлијата уште некое време, длабоко занесен во мислите. „Создателу, дај ни сила со брат ми, по смртта на татко, да останеме заедно. Дај му и разум на Дамјан да ја прифати татковата одлука без да го осудува или проколнува“.

– Давиде, како добро си се скрил. Едвај те пронајдов, – прозборе вујко му во моментот кога Давид го закопчуваше копчето од кошулата.

Остана Давид уште некое време со вујко му во малата просторија. Сакаше од прва рака и во четири очи да слушне за состојбата во Јужната провинција. Какво е расположението на народот кон царската круна? Дали има доволно брашно? Дали стадата се обновија? Дали е можно веќе да почне да се сее по загубените две сезони, по стравотната суша? Прашуваше, ама и внимателно слушаше. Вујко му пак, многу повеќе се интересираше за состојбата на царското семејство, за сестра си – мајка му на Давид, за брат му Дамјан. Не пропушти да праша и

дали мислат за женење, потоа како се држи царот, посебно интересирајќи се за неговиот артритис.

Вечерта, во палатата кај вујко му, во чест на Давид беше организирана приватна семејна вечера. Вујкото Ангеларij имаше три сина и една ќерка. Двајцата постари синови и ќерката веќе имаат свои семејства. Тука беа и неколку внучиња што Давид за првпат ги запозна. Сите три сина на вујкото беа офицери во морнарицата. Најстариот, најсериозниот, беше командант на флотата, а другите двајца беа команданти на најмоќните едреници. Најмладиот, беше преокупиран со поморската техника. Секоја можност ја користеше да каже уште нешто и уште нешто за најновиот воен брод со „највисоките јарболи, со непробојниот оклоп, со катапултите кои фрлаат подалеку од кој било друг брод од соседните царства, со пламенофрлачите што сеат жешка смрт“.

Командантот на морнарицата беше многу попрагматичен, пократок и попрецизен. „Царската морнарица и натаму останува гордост и заштитник на царството“. Му објасни на Давид дека во негова чест е планирана еднонеделна пловидба покрај брегот. Бродовите се обезбедени со дополнителни залихи со храна, дури и одреден број животни се натоварени. „За секој случај...“ – додаде на крајот.

– Брату Давиде, – нестрпливо се уфрли најмладиот брат – ќе имаш прилика да видиш што значи огнена сила. Во текот на пловидбата ќе имаме еднодневна вежба – тестирање на новите огнофрлачи и катапулти. Немојте вие од континентот да мислите дека ние на Југот сме плашливи. Нека одобри царот и ќе ја потопиме која било морнарица што постои на планетава.

– Верувам брату, во тоа што го зборуваш. Знам и дека си нестрплив да ја провериш моќта на најновиот

воен брод, меѓутоа не ни е потребна војна, а најмалку поморска. Доволно е соседните царства да знаат дека со развојот сме пред нив... Застани малку! А каде ти е девојката? Гледам дека си сам вечерва?

Братучедот замолча како да беше пресечен во мислата. Наместо него, вујкото, кој внимателно го слушаше муабетот, низ смеа проговори:

– Премногу долго останува на бродовите, а младите моми сакаат блискост и нежност секој ден. Тие претпочитаат топлина и внимание, а тој им нуди одушевеност од огнофрлачи и катапулти.

Коментарот на таткото ја потенцираше реалноста на животот што синот подолго време ја игнорира. Синот се засрами, зацрвене во лицето и повеќе не прозборе.

Таа вечер, покрај сериозните теми, најголемиот дел од времето поширокото семејство го помина во смеа и натпејување, па дури и оро се заигра. Срцето на Давид го топлеа звуците од гајдата што вујко му, и покрај годините, неуморно ја свиреше. Оваа беше една од ретките прилики Давид да ја почувствува семејната топлина, која како да исчезна во царската палата.

Си легна тој дури по полноќ. Беше презадоволен и исполнет со фамилијарната топлина од семејството на вујко му.

# ЈУЖНАТА ДРАМА

## Потонувањето на градот Атлантис

По полноќ времето ненадејно се смени. Густи темни облаци уште од зајдисонце надоаѓаа откај океанот и ги покриваа ѕвездите. Водената шир беше мирна и рамна како тепсија. Пред зори, откако облаците во потполност го запоседнаа сводот, почна силно да врне. Оттогаш многу чудни работи почнаа да се случуваат низ градот и предградијата. Од дупките од под ѕидовите на куќите излегуваа стаорци избезумено трчајќи натаму-наваму. Сред бел ден од кокошарниците петлите пееја како споулавени, кравите мукаа на сиот глас, а кучињата завиваа како гладни волци. Дури и змии, овде-онде ќе пролазеа низ дворовите и по тесните улички. Иако беше пладне, градот како сè уште да спиеше. Дождот непрестајно ги миеше покривите, се спушташе на земја и продолжуваше да ги плакне празните улици. Луѓето застанати зад прозорците со загриженост го гледаа видливото зголемување на водата низ нив. Со одминувањето на денот, вознемиреноста почна да ги зафаќа и луѓето. Најмногу ги загрижуваше избезуменоста на животните. Според старите верувања, тоа беше најава на нешто вистински лошо.

Ни горе во дворецот работите не се одвиваа во согласност со договорот од претходната вечер. Синовите на вујко му на Давид, уште од рано утро беа заминати во пристаништето крај бродовите. Тие сакаа уште еднаш да проверат дали сè е подготвено за планираната пловидба.

Вујкото Ангеларij претпочиташе убаво време за да може гостинот да ги види градот и крајбрежјето во вистинскиот сјај. Вака, и ако испловат, нема многу да се види – видливоста е слаба, а можен е и ветер. Не сакаше вујко му да ризикува да му ја расипе посетата на внукот. Океанот знае да биде непредвидлив. Не се работеше само за можна бура, вујко му, како и многу други, потсвесно претчувствуваше дека со времето нешто не е во ред. Го одврати Давид од испловување, така што двајцата имаа доволно време да поразговараат подетално за прифаќање на планираната помош од Северот. Цело време вујко му вешто ја криеше својата загриженост што растеше како квасец близу огниште.

Попладнето се почувствува среден земјотрес. За среќа, во градот немаше видливи разурнувања, а цврсто градената палата само се подзатресе и толку.

*****

Дождот не престана ни ноќта, ни утредента, ни идниот ден. Не престана ни идната ноќ... Зачестија земјотреси со слаб интензитет. Нивото на водата околу ридот на кој се наоѓаше палатата, иако бавно, сепак забележително растеше. Со одминување на времето, потресите почнаа да добиваат на интензитет. Застрашувачките татнежи што притоа допираа од длабочината на планетата, го зголемуваа неспокојот кај сите во тврдината. Беше невозможно да се процени дали земјата тоне или пак нивото на водата расте. Во малиот храм близу дворецот, свештениците клекнати пред олтарот непрекинато ја повторуваа најдлабоката молитва што ја знаеја, надевајќи се дека ќе го смилостиват Создателот да ја запре несреќата што незадржливо надоаѓаше.

Несреќата пак ни малку не обраќаше внимание на молитвите. Водата веќе неколку денови ги голташе пониските делови од градот. Секоја наредна ноќ стануваше постраотна од претходната. Последната пак, беше ужасна. Кошмарниот шум од пискотници на луѓе, плач на деца, завивање на кучиња, мјаукање на мачки, рикање на животни и пискање на птици, продираше длабоко во потсвеста на секој возрасен.

Врнежите одвреме-навреме ќе намалеа и пак ќе засилеа. Камбаните од храмовите на неколкуте возвишенија во градот биеја секој час. Несреќните луѓе од градот Атлантис во тие денови беа понесреќни од кого било на планетата Ајмез. Плачот пак на оние во провинцијата – по малите места немаше кој да го слушне. Пороите носеа цели села сосе луѓето, стоката и живеалиштата. Невремето како да сакаше да избрише секаква трага од човечко присуство во тој дел од царството.

Како што минуваа деновите, така стануваше сè појасно дека на градот му нема спас. Редови и редови од старо и младо, фатени за рака или за јажиња, се пробиваа низ уличките кои сè повеќе личеа на разбеснети буици. Куќите, една по една се струполуваа во себе. Буицата најпрвин ги распарчуваше ѕидовите, па на крај ќе го додрабеше покривот и со сета сила ќе го заринкаше врз купиштата над водата во пониските делови. Голем број од покривите беа начичкани со луѓе кои очајно се молеа за спас, што не постоеше. Покривите, еден по друг, попуштаа под тежината на луѓето и низ страотен татнеж проследен со неколкуминутни врисоци и писоци за помош, ќе се срушеа на дното во водата меѓу ѕидовите. Долу, во поплавените делови, по водата пловеше и по некоја колепка од која допираше изнемоштен бебешки плач. Ако некој можеше да погледне внимателно, ќе

забележеше и по некое птичје седелце со голи накиснати пиленца во хорско пискање, наместо нивното вообичаеното хорско пеење. Мајките птици во паника летаа над нив сè додека под притисокот на дождот не им папсаа крилјата и се струполеа право во водената смрт.

Бројот на луѓето на возвишенијата на северната страна од градот од час во час се зголемуваше, а слободен простор остануваше сè помалку и помалку. Грчевито се држеа еден за друг. Низ калливата земја под нозете низ стрмнините, како по замрзната лизгалка, ќе се спуштеше по некој несреќник директно во ширум отворената челуст на водената смрт што демнеше во подножјето. И не само што демнеше, туку полека, застрашувачки и незапирливо се качуваше угоре кон бескрајно очајните. А на нив кутрите, единствено што им преостана беше молитвата. Некои се молеа во себе, други го правеа тоа со шепотење, а трети на сиот глас. Мајките исцрпени од грижата за најмалите или скршени во душата од губењето на чедата, немаа сила ни да се молат. Беа седнати во калта и секоја за себе го чекаше својот ред. На некои места дури и тажачка песна ќе се слушнеше. Дури и најтажната песна тешко се пробиваше низ смрзнатите грла, притоа болно одѕвонувајќи во празните мевови.

Низ градот постоеја неколку возвишенија. На нив беа соѕидани најубавите и најјаките куќи во градот. Првите неколку дена луѓето од тие места беа многу помалку загрижени од останатите. По нивното расудување беше невозможно каква било поплава да досегне дотаму. Застанати на прозорците гледаа како исчезнуваат долните делови од градот заедно со нивните сограѓани. Кожата им се кострешеше од морничавата глетка пред нив, па сепак веруваа дека ќе куртулат. За жал, ни за нив немало куртул. Четвртиот ден над подножјето од возвишенијата

почнаа да се појавуваат одрони. Дебелиот слој земја, таложена со милениуми на возвишенијата врз карпестата подлога, надоен со вода, почна да пука и да се лизга. Блокови земја се откинуваа од ридот и еден по еден, заедно сосе куќите, дрвјата и градините, се лизгаа надолу кон водата. Возвишенијата со прекрасно зеленило и убавини што до пред неколку дена измамуваа воздишки на оние од пониските делови, полека се претвораа во голи карпести ридови што застрашувачки стрчеа над водата.

*****

Кога телата на првите давеници, на почетокот на тонењето на градот, почнаа да пловат по површината, се појавија и првите ајкули водени од нивниот непогрешлив инстинкт за пронаоѓање храна. Растргнуваа сѐ што ќе им се најдеше на патот – трупови на животни или луѓе, сеедно. Оние луѓе што се одржуваа на површината, држејќи се за бројните пловечки предмети, ајкулите без никаква најава ќе ги зграбеа за рацете или нозете и ќе ги повлечеа во длабочините. Мирисот на крв мамеше ајкули оддалечени со километри. Во првите неколку дена нивниот број нагло растеше. Крстосуваа наоколу и без никаков напор сееја смрт. Под водата се вовлекуваа во потонатите куќи, ги грабаа настраданите, ги влечеа до површината и ги раскинуваа, не правејќи никаква разлика старо-младо или големо-мало. Со текот на деновите, бројот на страдалниците растеше побрзо од бројот на ајкулите. Четвртиот ден, долу во студената вода, јатата ајкули почнаа да пливаат безгрижно и мрзеливо со преполнети мевови.

Пред Давид и вујко му, засолнати на врвот на големата кула, секое наредно утро се откриваше сѐ поголем и

поголем ужас. Давид не можеше да верува дека ова што се случува е вистина, а не ноќен кошмар. Кога првиот ден, по пристигнувањето, се искачи на кулата, се чувствуваше како да влегол во Земскиот рај. За неполна седмица истиот тој рај се трансформира во глетка на немерливи страдања.

Ја извади амајлијата од под кошулата и ја стисна во дланката. „Ох, семоќен Создателу, што толку тешко ти згрешивме? Прости ни ако нешто многу лошо сме сториле. Зошто го казнуваш народот пред моите очи? Па ние отсекогаш сме се колнеле во Тебе и сме ја признавале Твојата сила...“ Вујко му свртен кон градот што неповратно исчезнуваше, исто така гласно се молеше..., се молеше... и се молеше. Кога случајно ја здогледа царската амајлија на градите на Давид, ги рашири рацете, го привлече во прегратка, го бакна во образите, па извика:

– Ох, мој иден цару! Ох, наш иден цару! Ох, мој внучко! Да знаев дека...

– Вујче, заборави на царувањето, – го прекина Давид.

– Зар не гледаш дека било судено да бидам цар без царство? Не вујче, јас не сум иден цар. Јас сум сегашен цар – цар во ужасот и сведок на разбеснатата смрт. Јас сум единствениот цар казнет да ја гледа пропаста на своето царство и да умира одново и одново со смртта на секој свој поданик.

Се истргна од прегратката на вујко му, па почна да го вади синџирчето со амајлијата преку главата. Од преголема разочараност сакаше да ја фрли.

– Не, Давиде! Не смееш! Таа амајлија е нашиот зародиш. Таа амајлија е нашиот патоказ. Таа амајлија е нашата вечност, – гласно набројуваше вујко му, обидувајќи се да го разубеди да не ја фрла амајлијата.

Давид попушти – го спушти синцирчето, а амајлијата пак се обеси на неговите гради. Вујко му искина долгнавесто парче од својата кошула и го обвитка околу градите на Давид.

– Дај, дај да ја заврземе за градите. Преданието вели дека додека ја имаме амајлијата и ќе постоиме. Таа го чини царот цар. Таа е врската на царот со минатото, со иднината и со Творецот.

Додека вујко му му ја заврзуваше амајлијата околу градниот кош, умот на Давид за миг му се врати кај свршеницата, па накратко на татко му, па мајка му и на крајот на брат му Дамјан. „Можеби вујко ми е во право – додека ја имам амајлијата, ќе ја имам и надежта“.

Се чинеше дека зборовите на вујко му го смирија Давид, а можеби тоа беше знак на отрпнатост од повеќедневниот страв и ужас на кој беше изложен. Ја закопча кошулата и се доближи кон отворот што гледаше кон пристаништето. Ни во тој правец, погледот многу не се разликуваше од погледот во кој било друг правец. Покриените рибарски и трговски бротчиња, преполнети со исплашени до коска наводенети луѓе, пловеа како духови меѓу купиштата предмети измешани со човечки и животински трупови. Отворените пловила под тежина на водата потонаа уште во првите денови.

Семејството на вујко му на Давид, заедно со војниците, слугите и останатите службеници, беа засолнети во најголемата просторија при врвот на палатата. Внатре никој со никого не зборуваше. Немаше што да се анализира, ниту коментира. Собрани во мали групи, стуткани едни во други, се молеа од длабочината на душата, нудејќи му ја на Создателот сета добрина што ја имаа. Мајките не можеа да го запрат плачот на малите деца. Некои од бебињата беа преплашени и од големите сенки од луѓето

што како духови си играа на ѕидовите во спротивен правец од пламенчињата на восочните свеќи што гореа во просторијата. Тврдината беше крај самиот брег на единственото карпесто возвишение во тој дел од градот. Честите верижни блесоци од небото се рефлектираа од водата во подножјето, формирајќи привиден огнен синџир околу тврдината.

При секој блесок, во подножјето ќе се појавеа сенките од бродовите што се бореа со стихијата. Од пристанишните работилници само покривите останале над вода. Околу нив пловеа купови од бродски градежен материјал. Од малите прозорчиња на бродовите што плутаа над водата, како искри расфрлани се поигруваа пламенчињата од бродските фенери, како ништо да не се случува. Околу големите бродови-едреници, се нишаа бројни бротчиња и полузатворени чамци.

Морнарите и офицерите припадници на, до пред некој ден најмоќната флота на тој дел од планетата, преплашени, како и сите други, беа во длабоко внатрешна дилема – лојалноста кон командниот систем или потчинување на инстинктот за преживување. Не мал број од нив веќе имаа дезертирано и заедно со своите семејства и со по некој од роднините и пријателите, на своја рака, со бродови се обидуваа да излезат на отворено. Синовите на вујко му Ангеларij, уште по завршувањето на семејната вечера беа на бродовите. Додека е над вода, под никакви околности, бродот не се напушта. Таква е заклетвата на морнарите. Членовите на нивните семејства, заробени на врвот на палатата, знаеја за заклетвата. Тоа сознание ги правеше уште поочајни. Се чувствуваа оставени сами на себе и својата лична судбина. Тројцата синови сепак не беа потполно бесчувствителни и крути поморци. На воените бродови веќе имаше поголем број деца и жени

што морнарите последните неколку дена ги извадија од водата околу нив. Командантите на бродовите, од веќе преполовената флота, нестрпливо очекуваа наредба од командантот на флотата – најстариот син на вујко му на Давид. Со натчовечки напори ги задржуваа бродовите во подножјето на тврдината. Синовите во тој момент, во грч гледаа нагоре кон врвот на палатата во едвај забележителните пламенчиња од свеќите, кои им влеваа надеж дека најблиските сè уште се живи.

*****

Татнежите од утробата на земјата засилуваа. По секој потрес, високи бранови, еден по друг ќе заечеа низ водената шир, голтајќи ги луѓето што се држеа за безбројните пловечки предмети. Последниот потрес беше застрашувачки силен и траеше најдолго. Дворецот, заедно со бедемите од тврдината некое време се лулаше како вејка на ветерот. Кога најпосле тресењето престана, ридот се расцепи на два дела. Палатата остана како со меч пресечена по средината. Огромните карпи, заедно со делови од палатата, почнаа да тонат. За чудо, делот во кој се наоѓаше Давид заедно со останатите претрпе само мали оштетувања. Тој и вујко му, беспомошно гледајќи од врвот на кулата, немаше на што повеќе да се надеваат. По стравотниот потрес се стрчаа по скалите право во просторијата во која преплашени до смрт под дебелите дрвени маси се стискаа семејствата. За миг се најдоа во мноштвото прегратки од лица со преплашен поглед и насолзени очи. Давид го вовлекоа во средина – како да сакаа да го заштитат повеќе и од самите себеси.

Водата неумоливо се креваше угоре – така барем им изгледаше на сите на врвот на палатата. Крајот на семеј-

ствата во палатата во распаѓање се чинеше неизбежен. Одненадеж, некој извика:

– Бродовиии!

Во следниот момент, врвовите од неколку бродски јарболи, се изедначија со висината на прозорците, бавно дигајќи се угоре. Набргу се слушна гласот на најстариот син на вујко му на Давид „Тато…! Тато..., подгответе се за во чамците!“ Татко му погледа низ прозорецот. Едвај ја забележуваше силуетата на син му на командниот мост. Добро ја разбра пораката. Додека карпата со делот од тврдината тонеше, морнарите од бродот спуштија неколку чамци во водата. Давид гласно викна: „Брзо наредете се во две колони во група по десет, застанете до вратите и прозорците!“

Бродовите едвај се одржуваа на сигурно растојание од карпите што тонеа поради водовртежите што се создаваа околу нив. Чамците за спасување се приближија до карпата. Немаше многу време. Неколку морнари без престан ја исфрлаа водата од чамците. Давид и вујко му ги охрабруваа страдалниците внатре дисциплинирано и без паника да се спуштаат по лизгавите штици право во чамците. Големата просторија брзо се празнеше. Давид цело време во себе повторуваше – „Боже, дај ни уште малку време! Создателу, само уште малку!“ Длабоко се издиши кога последниот од просторијата се лизна по штицата право во чамецот. Немаа време за радост. Водата што заканувачки се качуваше, веќе почна да се излева внатре во просторијата, а камениот свод да попушта под ударите на дождот. Се фатија со вујко му за рака и скокнаа од отворот на прозорецот. Со свои очи гледаа како под тежината на дождовницата тоне чамецот пратен по нив.

Се фати Давид за најблискиот предмет што пловеше покрај него. Успеа некако да залегне врз предметот,

цврсто опфаќајќи го со двете раце. Немаше ни време ни енергија да мисли на необичната форма на предметот. Предметот ни малку не беше необичен – тоа беше дрвениот крст од олтарот на разрушениот храм. Залегнат врз крстот и завесла кон бродот. Вујко му Ангеларij со една рака фатен за крстот со мака се одржуваше на површината.

– Давиде! Татко! Тука сме! – допре до нив зарипнатиот глас на најстариот син на вујко му.

Недалеку пред нив, од зад врвот на карпата, се покажа чамец за спасување. Синот, заврзан со јаже за чамецот пливаше кон нив додека морнарите со веслата ја одржуваа позицијата на чамецот. Двајца од нив со ведра непрекинато ја истураа дождовницата што се закануваше да го преполни чамецот.

*****

Подоцна, Давид гол, завиткан во суво војничко ќебе, седеше на подот во едниот агол од командниот мост. Спроти него беше исправен и крстот. Во општиот метеж, некој од морнарите го уфрлил во чамецот и незабележително го донел на мостот. На повеќе места низ кабината беа поставени ведра во кои се слеваше водата од пукнатините на дрвениот покрив. Неговиот безличен поглед и покрај слабата видливост, не можеше да се оттргне од ужасот околу него. Глетката беше повеќе од морничава. Површината на водата беше прекриена со секакви предмети: покриви од куќи, делови од бродови, купишта штици. Долу на палубата, братучедот заедно со морнарите запнуваше со последните сили да ги развијат едрата. Иако ветерот не дуваше силно, сепак дождот што истураше, во бранови се зариваше во едрата и во миг се слеваше низ нив како водопад.

Бродот се заниша, се поднавали на едната страна, па на другата и на крајот почна да се лизга, пробивајќи се низ купиштата остатоци што пловеа насекаде. Кога конечно бродот се исправи свртен кон отворената шир, Давид погледна назад кон градот. Се надеваше дека ќе ги види барем цртите од деловите од градот на повисоките места. Наместо тоа, го доживеа дотогаш најголемиот шок, ако во оваа состојба воопшто може да се мери шокот. Недалеку од бродот, од водата се наѕираше само врвот од кулата, единствено нешто преостанато од некогаш огромната тврдина. Ни парче од копно, ни покрив од куќа. По безбројните пловечки купови од остатоци, илјадници луѓе плачејќи и молејќи за помош се бореа да се одржат на површината. Набргу погледот кон ужасот му го затскри бродот што по подолго маневрирање се престрои зад нив. Ги виде и останатите неколку брода како еден по еден се придружуваат кон конвојот. Дури се стркала во другиот агол од кабината по одекнувањето на силен удар. Веднаш потоа, од пред бродот се зачуја силни крикови, а по нив уследија гласни лелеци. Командантот си помисли дека налетале на некоја подводна карпа и дека се готови. За среќа, не беше во право. Морнарот од предниот дел со знаменце сигнализираше дека удриле во некое од бротчињата преполнето со луѓе. Набргу од потпалубата му јавија дека штетата на бродот не е сериозна и дека може да се поправи без запирање. Бродскиот оклоп, за кој првата вечер со воодушевување зборуваше најмладиот син, го положил тестот. Дури и да сакаше капетанот да го запре бродот – тоа беше невозможно. Ако натежнатите едра се спуштат, најверојатно нема повеќе кревање. Давид се прибра од ударот, застана на нозете и погледа низ малото прозорче. Покрај бродот ја виде едната половина од бротчето како тоне. Преживеаните во

паника се туркаа кон врвот на делот што сè уште стрчеше над водата. Неколку престрашени дечиња со подадени рачиња мавтаа и пискаа на сиот глас. На Давид му се причини како да му се вкрсти погледот со едно од нив – мало, невино, а престрашено лице, во чии ширум отворени очи се читаше трогателна молба за спас. Давид не издржа – во тој момент се онесвести. Братучедот им нареди на морнарите да донесат импровизиран кревет. Го сместија Давид во креветот близу до кормилото.

Едрениците зад командниот брод, преполнети со луѓе, одвај се одржуваа над водата и видно заостануваа. Командантот му нареди на првиот офицер до него.

– Прати сигнал со фенерот до бродовите веднаш да се исфрлат катапултите и пламенофрлачите.

Наместо вообичаениот сигнал ПРИМЕНО, од бродовите зад нив беше побарано повторување на командата. Капетаните на бродовите од конвојот не можеа да веруваат дека од нив се бара да го исфрлат, по нив, највредното што постои на бродовите.

– Повтори им ја истата наредба, – заповеда отсечно адмиралот. „Глави дрвени, луѓето мора да бидат спасени. Зошто би ни биле огнофрлачи и катапулти, ако останеме без семејствата“ – си рече во себе адмиралот.

Во некои други ситуации тој сигурно долго ќе се премислуваше пред да издаде ваква наредба – незамислива за морнарицата. Овојпат воените средства немаа никаква смисла, а и неговото најблиско семејство беше на еден од претоварените едреници. Тие две работи беа неспоредливи. Малку подоцна, како што се растоваруваа едрениците, така се креваа над водата и забрзуваа кон командниот брод. Конвојот едвај се провлекуваше меѓу купишта остатоци и предмети што пловеа по површината. Адмиралот со последните сили го држеше кормилото. Нозете му се

тресеа од премореност. Првиот офицер, додека ја праќаше повторената порака, беше однесен од бродот, од последниот силен бран. Командантот остана сам на командниот мост, а силата му беше при крај. Се подзамисли малку за правецот. Како командант на морнарицата, знаеше дека од него се очекува да го одреди правецот на пловидбата. А како да го одреди кога густите темни облаци го надвиснале сводот – ни ѕвезди, ни сонце, ни месечина. Од копното не останало ни трага. Ниту кандило, ниту пламенче од свеќа се наѕираше од некогашниот прекрасен поморски град, што ноќе блескаше од живот. Наместо градот, околу нив се простираше студен воден пекол исполнет со крикови, лелеци, дожд и вода. За прв пат во неговата поморска кариера се почувствува загубен. А и да ја знаеше локацијата, немаше поим во кој правец да испловат и каде да заминат. На крајот, кога едрата беа свртени ширум во спротивен правец на ветерот, го заглави кормилото. Во тој момент, за него најважно беше да се извлечат од ужасот. „Создателу, во твои раце сме – води нè каде што Ти мислиш дека ни е местото" – беше последната мисла што му помина низ главата пред да се струполи од истоштеност покрај лежалката на Давид. Клечејќи на колениците, го препокри Давида, па легна покрај него на подот. На момент посака да го гушне, да го стегне кон срцето, да му каже дека успеаја да ѝ побегнат на смртта. Дури не загубија никој од поширокото семејство. Иако престрашени, сите беа прибрани на бродот зад него. Нaглото олеснување се претвори во придушено липање. Липаше со затворени очи сè додека истоштеноста не го совлада. Сонот пристигна ненајавен. Надвор, ветерот почна да засилува, туркајќи ги бродовите сè побрзо и подалеку од позицијата на, до пред една недела, прекрасниот град Атлантис.

# СЕВЕРНАТА ДРАМА

## Едновремено со трагедијата на Југ, подеднакво мачна и тешка драма се одвиваше и на Север

Утрото, кога Давид се поздравуваше со вујко му на Југ, на влезот од палатата во Атлантис, во исто време на Север царот Ак'л Второт, татко му, влезе во својата работна соба во Дион и се зафати со секојдневните царски обврски. Тој премногу ја сакаше својата работна одаја. Во неа го помина најголемиот дел од животот од крунисувањето, па наваму. Со стареењето умот сè почесто му бегаше во минатото. Тоа утро, само што влезе во одајата и заседна во удобниотстол, минатото усилено му го обзеде умот. Го врати назад за цели 50 години. Се сети на своето ненадејно отповикување дома, во палатава.

Осумгодишната војна за обединување на северните територии беше при крај. Трупите со кои командуваше, ги правеа последните подготовки за предавање на освоените територии под цивилна власт. Имаше закажано и заедничка прослава со своите генерали, кога ненадејно стигна гласник со кратка порака од мајка му: „Сине, мора веднаш да се вратиш дома. Татко ти е пред крај! Ова е доверливо. Никој уште не е известен".

По две седмици јавање, во голема дискретност, се упати право во приватниот дел од палатата. Го најде татка си, царот Ак'л Првиот, во ковчег, покрај него мајка си и свршеницата, која не ја имаше видено долго време.

Наместо споделување на радоста со татка си за остварувањето на нивниот заеднички сон – целиот нивен народ во едно царство – тој се најде пред неговото камен вкочането лице. Го допре по лицето, за сигурно за последен пат, па го бакна во челото. Отстапи еден чекор и длабоко се поклони. „Нека ти е лесна земјата татко“, – гласно проговори. „Нека му е лесна синко“ – додаде мајка му. Свршеницата вцрвенета како жар во лицето, едвај чекаше некој збор или знак од идниот цар.

– Погребот ќе го закажеме утре. Еве ја и царската амајлија. На татко ти му носеше среќа. Нека направи Создателот тебе да те следи уште поголема. Оди, одмори се синко. Еве и свршеницава твоја место не ја држи. Изутрина рано право во царската одаја. Царството не смее да биде без цар.

Наместо мајка му да му ја обеси околу вратот амајлијата, таа ја подаде на неговата свршеница.

– Еве невесто, земи ја амајлијава и оставете ме сама, – овојпат низ солзи изговори мајка му.

Тогаш принцот, заедно со свршеницата ја напуштија одајата на мајка му. Наместо кон спалната соба, новиот цар, Ак’л Вториот, воздржано ја прегрна свршеницата преку рамо и со неа се упати право во царската одаја. Пред самиот трон, не можејќи повеќе да се воздржат, паднаа во прегратка. Дојде моментот на конечно соединување, по долго очекување. Малку задоцнет почеток на заеднички живот. Емоционалната топлина во царската одаја не делуваше премногу природно. „Чекај малку“, – проговори свршеницата. Му го откопча војничкото палто и му ја обеси амајлијата на врат. „Епа, нека ти е со среќа, мој честити цару“ – рече свршеницата додека му ја местеше златната амајлија на градите. Следуваше подолг страстен бакнеж. „Сега седни на тронот“. Тој послушен

како дете седна на огромниот студен стол на чија заднина беше извезен со златен вез лавот – симболот на империјата. Свршеницата се спушти подолу на подиумот, направи неколку чекори назад, застана и се загледа во новиот цар. Неговите широки плеќи како да беа градени за тронот. Изгледаше авторитетно, како стопен со големиот стол.

Од царската одаја се упатија во соседната просторија. Тоа беше царевата приватна работна просторија. Царскиот кабинет беше прекриен со папируси, а левиот ѕид со карти во различни големини. Во неа сè уште се чувствуваа човечката топлина и мирисот на татко му, Ак’л Првиот. Во едниот агол имаше и софа. Во тој агол новиот цар не се понесе ни малку царски. Емоционалниот набој ги совлада двете млади, во тој момент сосема едноставни суштества, кои беа и предолго разделени. Во тој агол, таа вечер и пред јавно да постане цар, новиот цар, Ак’л Вториот, го посеа зародишот на првиот син – Давид.

Сега, триесет години подоцна, седнат во неговиот со лавовска кожа обвиен стол, размислуваше за себе и за изминатите царски години. Тука, во таа просторија тој просудуваше за правичноста. Тука одлучуваше кого ќе охрабри, кого ќе пофали, кого ќе смени, кого ќе унапреди, а кого ќе го затвори. Тука ги донесуваше и најтешките одлуки. Тука ги смислуваше пораките до народот. Кога ќе седнеше на тронот во царската соба со уверливост, спокојност и решителност, пораките, една по една, ги објавуваше пред дворјаните. Неговата работна просторија е градниот кош, а тој – царот – е срцето на царството. Нозете на царството беа испружени надолу до сината бескрајна шир на океанот, а главата исправена високо на север.

Наведнат над работната маса, ја затресе главата и ги протри очите, обидувајќи се да го врати умот на тековни-

те обврски. Ни самиот не знаеше колку долго умот му талкаше по минатото. Тој ден се навршуваа точно три недели од заминувањето на Давид на Југ кон градот Атлантис.

Точно напладне започна да врне – ситен, тивок, смирувачки, па дури и заспивачки пролетен дожд. Ластовичките една по една се прибираа под стреите. Засолнети од дождот си ги уредуваа пердувите, се чистеа од ситните паразити, си ги протегаа крилцата. Иако времето беше идеално за дремка, царот не сакаше да го преспие денот. Ќе поработеше некое време на царските задачи, па ќе се загледаше преку прозорецот. Дождот ги милуваше и ги освежуваше цвеќињата низ падината. Тревата стануваше сјајно зелена. Дури приквечер царот забележа дека дождот немаше запрено цел ден. По вечерата, откако се изжалаа со царицата еден на друг за бројните болки што вешто ги криеја од останатите, ги изгасија свеќниците.

*****

Во мугрите царот го разбудија силни ревматски болки во нозете и рацете. Топлината од разгорените дрва во огништето ни малку не му ги ублажуваше болките. Надвор сè уште врнеше. Дури му се чинеше дека дождот е и посилен од вечерта. Наместо вообичаената ѕвезда Деница, зад прозорците се распослала влажна леплива темница. Длабоко се накашла царот и пак се вовлече во постелата, крај царицата.

## Големи поплави во царскиот град Дион

Изминаа уште неколку дена, а дождот не престануваше. Царот, видно загрижен, сè подолго и подолго стоеше до прозорецот. Царскиот Совет за вонредни состојби заседаваше непрекинато. Без разлика на мудрите идеи и мерки, разурнувачката сила на природата не можеше да се запре. Од палатата надолу се формираа бројни буици кои носеа сè пред себе и се вдлабуваа во пејзажот. Градот беше издигнат над долината и не постоеше опасност од голема поплава, меѓутоа брзаците што засилуваа, почнаа да ги раскопуваат тесните улици. Нивото на реката, долу во долината, беше неколкупати повисоко од вообичаеното. Под притисок на буиците, на многу места брегот се одронуваше. Глетката што се менуваше од час во час, сериозно го загрижуваше царот.

„Што ли му стана на времево? Туку што помислив дека без поголеми последици ќе се извлечеме од преклanската суша, кога еве, царството го навјасаа овие непрекинати силни врнежи. Ако вака продолжи да врне, поплавите ќе направат поголеми штети и од сушата..., а и Давид... Токму сега се погоди да оди на Југ. Којзнае како ќе се врати? Арно ми велеше царицата да го одложиме неговото патување за по роденденот...“

Царицата пак, ни малку не му ја мислеше ниту за сушата, ниту за поплавата, ниту за царството. Нејзината загриженост за Давид на моменти се претвораше во паника. Час го обвинуваше царот, а час себеси што едното дете во овој сериозен момент не е крај неа. Тоа што Давид беше кај нејзиниот брат, кој Давид и Дамјан ги

сакаше дури и повеќе од своите синови, не ја намалуваше нејзината загриженост.

*****

Деновите минуваа без никаков знак на разведрување. Во воздухот почна да се чувствува непријатен мирис на гнилеж. Од палатата се забележуваше попуштањето на бројни покриви низ градот. За бројот на настраданите никој и не се осмелуваше да зборува. Царот, немоќен и крајно потиштен, почна да го тресе грозница.

– Аман, жено престани да кобиш! Давид, па Давид, па Давид...! Ја познавам палатата на Југ. Дури е и на повисок рид од царскава палата. Не постои никаква опасност да биде поплавена.

– Да, да, нема опасност. Ни овде водата не може да нѐ достигне, ама ене веќе една третина од покривите на палатава се срушија. Верувам дека веќе ти кажале колку луѓе останаа затрупани под урнатините.

Додека се расправаа царот и царицата, во одајата влезе Дамјан.

– Мамо, мора да се префрлиме во северното крило. Главниот управител на палатава не ни гарантира дека овој дел ќе издржи уште долго. Ајде, мајко и ти татко, подгответе се. Јас веќе организирав слугите заедно со чуварите да ги пренесат највредните работи на сигурно.

Набргу по овој разговор, слугите почнаа да ги изнесуваат личните работи на царицата. Царот, седеше подгрбавен зад својата работна маса и апатично гледаше низ прозорецот. Очите, освен пороен дожд, не можеа да видат ништо друго. На спротивниот крај од царската одаја, една врата почна да чкрипи. Одеднаш се отвори. Силната буица се втурна во просторијата и по најкраток пат, преку

нискиот прозорец прелета како ѓуле низ просторијата. Царот неколку мигови гледаше како најверниот чувар од пред вратата, излета преку прозорецот носен од буицата, а низ просторијата се разлеа гласно очајничко „оооф“.

Во меѓувреме, синот Дамјан ѝ помагаше на мајка си на патот до северното крило. Ја смести мајка си во многу посигурна просторија и со брзи чекори се упати назад за да види што се случува со татко му. Кога беше на половина пат, земјата силно се затресе. Неколку секунди подоцна, дел од палатата во стравотен звук во само неколку мига се претвори во куп урнатини. Притоа, јато лилјаци излетаа од под таваните. Летаа некое време замелушени на сите страни и цвилеа над урнатините. Силниот дожд се покажа претежок за нивните крилја. Еден по друг паѓаа долу како презреани круши.

Водата навлегуваше во урнатините од сите страни. Ги грабаше еден по еден распуканите ѕидови и ги туркаше преку работ на висот надолу кон котлината. Нејзината сила беше неверојатна. Огромната палата, опколена со дебели ѕидови, симбол на царството, силата и неосвоивоста, ја преполови и ја збриша од ридот како да беше градена од кал, а не од тешки камени блокови.

Дамјан, колку што го носеа нозете, се стрча назад кон мајка си. Застана под еден негибнат свод издигнат неколку метри над нивото на јужното крило и се сврте наназад. Гледајќи во урнатините пред себе, му требаше неколку мига да се свести што се случи. Во тој момент едно силно очајничко „Таткоооооооо...!“ излета од неговото грло. Скршен во душата, со нозе отежнати како на старец, едвај се врати во просторијата кај мајка си. Ја најде како липа на софата со лицето скриено со дланките. Се спушти до неа и ја гушна. Таа ја подигна главата, па го прегрна со двете раце. Го повлече кон себе. Ни Дамјан не можеше да

ги крие солзите. Се прибра, па прозборе: „Мајко, го изгубивме татко“. Мајка му уште посилно го стегна во прегратката. Како да знаеше однапред што ќе каже Дамјан. Ни смртта на царот не ја оттргна за долго од мислата за Давид. „Ох Создателу, барем Давид поштеди ни го“.

Надвор, светкавици го параа небото на сите страни проследени со застрашувачки грмотевици. Чиниш небото се цепи. Со секоја молња, преку преполовената палата, подолу во подножјето ќе се појавеше градот ишаран со буиците.

Приквечерината, одненадеж почна да дува ветер. Дамјан го слушаше заканувачкото тропање на дождот по тешките дрвени порти и капаците од прозорците. Седнат крај мајка си, немо гледаше во вратата зад која беснееше невремето. На моменти потсвеста му зборуваше дека сè е изгубено, а на моменти пак го обземаше лутина, инает и верба дека кошмарот бргу ќе престане. Притиснат со потсвесните стресови, дури и не забележа дека звукот од дождот слабее, а оној од ветерот зајакнува. По некое време вратата и затворените капаци на прозорците почнаа да се тресат под ударите на засилениот ветер. Бучавата што доаѓаше однадвор и од покривот, потполно се смени. Дамјан како да се поврати од бунилото. Стана од софата и се стрча кон најмалиот прозорец. Ја фати рачката и го отвори дрвениот капак од прозорецот. Истиот миг ветерот го зграби капакот, го искорна пред неговите очи и го однесе како да беше пердув. Дамјан ја подаде раката низ малиот отвор. По неколку мига ја врати назад и пак ја подаде. Неколкупати го повтори истото. Не можеше да поверува дека раката му е сува. Надвор повеќе не врнеше... ДОЖДОТ БЕШЕ ПРЕСТАНАТ... Во тој момент Дамјан не знаеше дали е ден или ноќ. Еднонеделната

опсада на небото со темните густи облаци потполно го имаше збунето неговиот ум.

Ни ветерот, како и дождот до пред малку, не се покажа пријателски кон преживеаните. Со својата сила откорнуваше по некој од раскиснатите покриви низ градот, ги уриваше напукнатите ѕидови, притоа однесувајќи уште по некој живот. Сепак, со престанувањето на дождот, маршот на смртта почна да забавува. Надежта на преживеаните почна да расте, а престрашеноста да намалува.

*****

Утредента, првин се појави руменилото на исток низ кое по кратко време заплови црвеното сонце – она истото од порано – топло и величествено. По седум дена непрекинати врнежи и еднодневниот силен ветер, пак завладеа спокој. Надвор беше невообичаено тивко. Над полуразурнатиот град ни трага од ветерот, ни капка од дождот. Лицето на земјата изгледаше како наеднаш да се повратило од некоја тешка болест по која останале бројни засечени рани. Како што сонцето се извишуваше, така синилото му се враќаше на небото. Небескиот свод, оној истиот – недопирлив, таинствен, бескраен, девствен – се извиси над ранетиот град. Природните сили како да си поиграа со царството.

За жал, оваа небесна игра кај ранливите и смртни суштества на планетата Ајмез предизвика губење на небројени животи, длабоки страдања, разочарувања, збунетост, дури и препрашување за праведноста на Создателот.

Преживеаните страдалници немаа сила да му се радуваат на прекрасното утро. Буиците низ градот видно се намалуваа. На многу места низ оштетениот град, утрото

сè уште се слушаа пискотници, довикувања и лелеци кои со изгревот на сонцето и сопирањето на ветерот наеднаш се претвораа во радосни извици. Сите очи што ги поштеди судбината, беа свртени горе кон светлината на која ѝ беше другка топлината. На преживаните срцето им беше преполнето со жал за оние што немаа среќа, а во исто време му беа благодарни на Создателот што, ете, ги остави нив. Потребно им е брзо закрепнување. Пред нив е возобновување – залечување на душевните рани, закоп на постраданите, обновување на живеалиштата, обновување на семејствата, а и на ранетото царство.

## Соочувањето на Дамјан – некрунисаниот цар, со последиците од катастрофалните поплави

Принцот Дамјан, од делот на палатата што му одолеа на катастрофата, нестрпливо зјапаше надолу кон котлината, гледајќи ги буиците како се издишуваат. Водата полека се повлекуваше кон речното корито, оставајќи зад себе безброј езерца што светкаа како искршени огледала распрснати низ котлината. Во палатата почнаа да пристигнуваат гласници што јавуваа за состојбата во градот и пошироката околина.

Неколку дена подоцна, се појавија и гласниците од внатрешноста на царството. Тие раскажуваа за уште пострашни поплави и разурнувања. Царицата лично зборуваше со секој гласник што ќе дојаваше од јужната страна на палатата. И таа и Дамјан, со умот беа цело време на Југ. Премногу ги измачуваше неизвесноста за Давид.

По една недела, двајца гласници, полумртви од премореност поради непрекинатото јавање, од Запад донесоа вест што како со нож го прободе срцето на царицата. Зборуваа за навлегување на океанот од југозапад длабоко во внатрешноста. Од Југот, сè уште немаше никакви вести. Царицата последните неколку дена ниту спиеше ниту јадеше. Дамјан ја загуби трпеливоста – утредента ги одбра најсилните коњаници и веднаш, дури без поздрав со мајка си, одјава на Југ.

*****

По десетина дена јавање, кога избија на возвишението пред дрвениот мост преку некогашниот поток, тој

лично, а и сите до еден од придружбата се стаписаа од глетката. А, глетката беше толку убава и смирувачка. Пред нив се протегаше непрегледна водена површина – мирна, рамна, светлосина. Насекаде се чувствуваше волшебен мир. Ретките бели облачиња на небото се огледуваа во синилото под нив. Околу рибите, што повремено потскокнуваа над водата, ќе се појавеа кружни бранчиња и за час ќе исчезнеа. Галебите, весели и разгракани кружеа над водата, обидувајќи се да бидат побрзи од рибите.

Дамјан, како во бунило, го спотера коњот во галоп до работ на копното. Едната половина од некогашниот мост висеше над водата, бавно нишајќи се под тежината на јатото галеби што се туркаа по неговите разнишани греди. Застана неколку секунди, па уште посилно го záбоде коњот со дизгините, свртувајќи се на исток. Коњот, со напор ги извршуваше командите на господарот. Трчаше колку што нозете го држеа, а господарот викаше на сиот глас како избезумен. По некое време Дамјан застана, меѓутоа грчот во него ни малку не попушташе. Го збодна коњот назад кон мостот. Коњаниците од придружбата со мака го следеа. И Дамјан и коњот беа папсани од премореност. Неподвижната линија на водата се протегаше во недоглед точно по средината на подножјето на некогашниот поток. Половина од царството, сосе луѓето го немаше. Од преполовениот мост нанапред, како никогаш да не постоело копно. Конечно Дамјан застана крај преполовениот мост и се спушти од коњот. Очи закрвавени, грло исушено, рането срце што рипа во градите, а мозокот вжештен до експлозија – тоа беше Дамјан во тој момент.

*****

Подоцна, скршен во душата, седеше пред испосникот во дворот на малиот храм на возвишението и отсутно

гледаше в земја. Водата му го однесе татко му. Водата му го зеде и брат му. Го проголта таа и половина царство. Царската амајлија е загубена. „Ох Створителу, толку многу се разочарав кога сфатив дека татко ми за наследник го избрал брат ми Давид, а не мене. Во себе ги проколнав двајцата и еве, поголема казна и не можеше да ми досудиш“.

– Тој суди, Тој пресудува, Тој дава, Тој зема Дамјане. Да веруваме дека го зел брат ти за добро, за да му служи, – прозборе свештеникот пред него, небаре му ги читаше мислите.

Дамјан, неизбраниот цар, и натаму ја држеше главата наведната. Свештеникот го остави сам и замина во храмот. По малку време пак се појави пред него.

– Еве, земи. Ќе ти треба многу среќа и разум за да го обновиш царството и да му ја вратиш вербата на народот, – му рече испосникот, подавајќи му амајлија обесена на златно синџирче.

– Отецу, од каде ти е амајлијава? Колку што знам татко ми му ја предал на брат ми пред да замине за Атлантис.

– Не е истата Ваше височество. Некој од претходните цареви дозволил да се направи уште една – за секој случај – и ја оставил на чување кај Светите оци.

– Не оче, не ја заслужувам. Татко ми го имаше избрано Давид за иден цар, а не мене.

– Честити принцу, или поточно честити цару, него го избрал таткото, а тебе те избра судбината на која е бесполезно да ѝ се инаетиме. Игнорирај ја болката, потисни ја тагата и излези пред народот. Народот е очаен. Му треба некој да го води, некој јак и силен во умот, – се подзамисли отецот, па додаде – можеш ти синко... Ќе видиш дека можеш.

*****

Кога се врати назад, во делумно разрушената палата во царскиот град Дион, Дамјан мораше да се соочи со уште еден неизбежен тажен настан. Царицата некако го поднесе загинувањето на царот. Тој, Ак'л Вториот – царот над царевите – како што велеше неговиот народ, остана без гроб. Остана некаде покриен со дебели наслаги од земја и чакал. Веста за губењето и на синот Давид ја дотолчи царицата. Падна болна и по кратко боледување почина од преголема тага.

*****

Времето ја потврди видовитоста на стариот испосник. Младиот цар, Дамјан, кој остана без благослов од татка си и со амајлија што не беше оригиналната, со потполна посветеност и самопрегор, се зафати за работа. Му влеа на преостанатиот народ самодоверба и сила за возобновување. Среќата и радоста почнаа полека да се враќаат кај сите, освен кај него лично. Непрекинато се обвинуваше себеси за клетвата што ја фрли кон татка си и кон Давид во моментот кога сфати дека тој не е избран за иден цар. Си мислеше ако не ги проколнеше, дека уште ќе беа живи.

За покајание, не долго по трагедиите, го обнови тешко оштетениот храм во кој живееше испосникот. Неколку децении подоцна, откако царството доволно зајакна, нареди во дворот на храмот да се подигне огромен монолит, чиј врв се издигаше високо до небото – таму каде што Дамјан веруваше дека брат му Давид нашол вечно почивалиште. И покрај тоа, чувството на вина во потсвеста остана да го следи до крајот на животот.

Морето кое ја прекри јужната половина од царството, народот спонтано го нарече Море на Сред Земја[1]. Преполовеното царство, по неповторливата трагедија, продолжи да опстојува без поголеми флуктуации. Се нижеа вековите, се менуваа царевите, се раѓаа нови принцови. Водата непрекинато го заплискуваше брегот, а Големиот потоп го носеше во длабок заборав. Океанот, за наследниците на оние преживеаните на континентот, остана неосвоив, бескраен и таинствен. Вистината за потонувањето на половината од некогашното царство беше трансформирана во предание што бабите редовно им го пренесуваа на внуците. Ниту еден нареден цар, ниту еден мудрец, ниту еден пророк не ни помисли дека во водениот бескрај некаде далеку опстојува слика – минимизирана копија од народот и царството *Ма*.

*****

Неколку милениуми по Потопот, таму далеку зад хоризонтот, кај што сонцето на крајот на денот се нурнуваше во водата, сликата (сенката) од ***Ма*** царството почна да се заматува.

[1] Medi Terra

## Уништување на сликата – пропаст на изгубениот народ

Царот на малото осаменото, со воден бескрај заробено царство, Ак'л Последниот, немаше повеќе што да загуби. Беше решен да го направи последниот очајнички обид – да ги прати синовите близнаци да го бараат Патот до Спасот. Ако останат на огромниот некогаш питом остров, а сега претворен во масовна гробница, синовите нема што да очекуваат. Тука повеќе нема радост, нема насмевка, нема предизвици – нема иднина. Луѓето бавно, во тешки маки, умираат од затруена вода, од недостиг на храна и од отровните гасови што се издигаа високо од бројните вулкански кратери. Агонија која се чини ќе потрае до последниот жив човек од неговиот народ. Илјадниците обиди да се стапи во контакт со надворешниот свет – за кој зборуваат легендите на овој изгубен мал народ, не вродија со плод.

Најголем број од тие што заминаа, царот ги прати на запад, а само мал дел на исток, спроти ветерот. Малкутемина што се имаа вратено назад беа полуживи – жедни, исцрпени и од сонцето изгорени. За мнозинството заминати, никогаш ништо не се слушна. Царот, како и останатите, сметаше дека се проголтани од бескрајната водена шир. Тоа само го зголемуваше безизлезот во земјата Ра-Му.

Долго се думаше стариот цар. Царицата веќе му беше почината од болест на градите. Да беше жива, сигурно дека нему ќе му беше уште потешко. Овој очајнички потез на испраќање на синовите-близнаци да го бараат Патот, кај покојната царица немаше да помине.

Синовите, сè уште здрави, млади и убави, иако малку заслабени поради недостаток на храна, најмногу ги измачуваше мислата дека засекогаш се разделуваат од најсаканите – од татка си и од саканите моми. Ги оставаат нив во морничаво исчекување на забревтаната смрт, а тие тргнуваат во предизвик на сопствената судбина.

– Синови мои, дали натоваривте сè што мислите дека ви е потребно?

– Да, татко. Единствено не знаеме колку среќа сме натовариле – одговори Прворoccupiedениот.

– Еј синови, ако среќата може да се подарува, мојата би требало уште кога се родивте, да е со вас. Едно е сигурно, вашата лична среќа што ви ја дал Создателот, овојпат ќе биде позначајна и од разумот. Мора да заминете со мугрите, пред да почне некој од вулканите повторно да исфрла оган до небото. Знаете дека по секоја ерупција со денови сонце не грее, ни ноќе месечина светли. Едрата мора да ви останат негибнати. Наредив в зори да нè разбуди послугата..., и да не заборавите: никако не смеете да се разделите. Океанот знае да биде немилосрден.

Синовите си заминаа во своите одаи. Таткото, сè уште длабоко почитуван цар, се стутка во креветот како во клопче. Се јадеше однатре. Душата му се кинеше. Тој повеќе нема каде да оди, а народот сè уште од него бара спас и утеха. Здравите ги разјадува загриженоста за секој нареден ден, а илјадниците болни, жедни и гладни умираат бавно. Умрените нема кој да ги погребува. Ако не ги изгори лавата што периодично во потоци се слева од кратерите на вулканите, сигурно ќе ги покрие пепелта што со недели се таложи по секоја ерупција, а царот, еве, се одрекува од смислата на своето постоење со скриена надеж и верба во Создателот дека Тој барем, на синовите ќе им го покаже Патот.

Таа ноќ царот долго се мачеше да заспие, а и кога ќе заспиеше, сонот не му траеше долго. Околу полноќ, ненадејно стана и се упати кон собата на постариот син. Патем ја симна древната царска амајлија од вратот. Нечујно ја отвори вратата од неговата соба и ја обеси амајлијата на кваката од внатрешната страна. Внатре, синот нешто мрмореше во сонот. Царот уште потивко ја затвори вратата и се врати во својата соба.

Рано в зори, за среќа, вулканите спиеја, а светлината од ѕвездата Деница едвај се пробиваше низ безбројните вулкански честички што лебдеа на небото. Синовите близнаци, Првородениот и Второродениот, кришум се искрадоа од палатата. Недалеку од неа, во малото пристаниште, ги чекаа морнарите со бродови подготвени за исплововување.

Се гушнаа браќата. Тежината на разделбата со татка си ја избегнаа, ама себеси не можеа да се избегнат. Постојаа некое време прегрнати, си посакаа среќа, па се упатија секој на својот брод. Морнарите, ги подигнаа едрата едно по едно. Тивкиот ветер беше доволен ширум да ги отвори. Се надуваа едрата во правец на ветерот, а бродовите се подзанишаа, па почнаа тивко да ја сечат необично мирната вода во малата лагуна. Кога излегоа на отворено, наместо еден зад друг, како што ги советуваше татко им, ги свртеа бродовите еден од друг. Првородениот заплови на север, а Второродениот на југ.

Во тој момент, царот забревтан, во долна облека, со неколку слуги зад него, трчаше кон брегот и викаше на сиот глас. Толку многу сакаше за последен пат да им стисне рака, да ги прегрне, да им каже дека срцето му се кине, а еве, тие му се скрија. Му побегнаа оти разделбата и нив ќе ги болеше – и тоа премногу ќе ги болеше.

Бродовите полека се лизгаа кон отворениот океан. Царот мавташе и мавташе во знак на поздрав сѐ додека раката не му се вкочани. Срцето негово, наместо крв, во тие моменти пумпаше тага. И не само тага, туку и очај го обземаше гледајќи ги двата брода како сѐ повеќе и повеќе се оддалечуваат еден од друг. „Деца мои, синови мои. Создателот нека ви е на помош. Само Тој може да раздели и пак да спои...“

# ВРАЌАЊЕ ВО ЗАРОДИШОТ

## Ненадејното појавување на бродоломникот Исидор на брегот во царството *Ма*

Во тој, дваесеттиот век по Потопот, на морскиот брег на Југ, на околу десетина дена јавање од царската престолнина на ***Ма*** народот, издигнат на високата карпа, уште од Потопот многупати рушен и обновуван, опстојуваше скромен божји храм во кој живееше стар испосник. Од карпата, што доминираше во тој дел на крајбрежјето, како да беше со нож исечена горната половина, а врвот на долниот дел зарамнет. Платото на врвот беше обѕидано со дебели ѕидови. Божјиот храм се наоѓаше во средината на рамништето. Внатре, меѓу ѕидините околу храмот, зеленчуковата градина беше домаќински обработена. Секое катче од дворот беше искористен. Пред самиот влез во храмот имаше неколку винови лози, раширени на дрвени пречки. Однадвор, на двата краја од широката порта, две дрва калинки ѝ се инаетеа на негостољубивата клима и каменитата подлога. На јужната страна од дворот постоеја и две, очигледно многу стари маслинови дрвја, оддалечени едно од друго околу педесетина чекори. Помеѓу нив, точно на средината, од карпата стрчеше широк мермерен монолит во висина од околу еден метар. Беше очигледно дека тоа е само подножјето од некогашен огромен монолит.

Ветер, дожд, топло, студено –
процеси безброј пати повторени.
Десетлетија, векови, милениуми...
– време кое не запира.

Времето – врховниот судија, му пресудил и на монолитот, а тие што го подигнале, мислеле
– вечен ќе биде.

Останале и неколку видливи траги од дамнешните градители. Тие изгравирале бројни симболи, од кои само неколку едвај се препознаваа на преостанатиот дел од монолитот. Нивното значење одамна се загубило. Никој од Сегашните не им обраќа внимание на симболите на Некогашните. Дури и испосникот, кој уште како младо момче даде завет дека ќе му служи на Создателот и ќе ја открие тајната на симболите, не најде пат до неа. Единствено што му остана е повременото барање прошка од Создателот за неуспехот да го исполни заветот. Она што беше можно, одамна го сфати – истоветност на неколкуте симболи од монолитот со симболите од царската амајлија. Тоа нешто ни малку не му причинуваше задоволство.

Царот на ***Ма*** народот, Каран, го посетуваше храмот само кога е пред некоја навистина тешка одлука или кога е во голема дилема. Во такви моменти благословот од испосникот му беше пресуден. Единствено испосникот ги знаеше сите симболи на плочката (царската амајлија), иако нивното значење му остана вечна загатка. Покрај царот, на ова свето место можеа да дојдат само највеликите свети оци. Кога на некој од нив ќе му затребаше блискост со Створителот, ќе се измолкнеше од секојдневието, ќе допатуваше во храмот и ќе отседнеше во втората ќелија. Секој останувaше во ќелијата онолку долго колку што му беше потребно. Како што ќе се појавеше,

така и ќе си заминеше – потполно нечујно. Намерниците или случајните минувачи ќе се помолеа надвор пред портата. Неретко ќе оставеа по некој подарок. Понекогаш испосникот ќе излезеше пред порта, ќе ги благословеше намерниците и ќе ги потпрашаше за новостите од надворешниот свет. Тоа беше неговиот единствен контакт со светот од кој уште во младоста се исклучи.

Пред парчето од монолитот постоеше разнишана дрвена клупа. Кога е убаво времето, испосникот од пред монолитот ритуално ќе го поздравеше раѓањето на денот, потоа ќе седнеше на клупата и ќе останеше сè додека сонцето сосема не се покажеше. Понекогаш внимателно ќе го изгледаше небескиот свод над морската шир за да процени какво ќе биде времето во наредните неколку дена.

Тоа утро, непрегледното синило што се појави по неколкудневна бура оддаваше спокој и мир. Белите облаци, бавно пловејќи високо на небото, се оддалечуваа од брегот и еден по еден се губеа зад хоризонтот. Испосникот го изгледа хоризонтот. „Се чини дека доаѓа подолг период на убаво време“, – си рече во себе. Во еден момент, му се пристори дека нешто мрда далеку на хоризонтот. Како да виде и одблесок од истиот правец и од истото место. Појде испосникот до дебелиот ѕид на работ од карпата и ги стави дланките под брадата со лактите потпрени врз ѕидот. Внимателно се загледа кон океанот. Остана така некое време. „Хм, личи на сплав... Има некој необичен облик“. Слабата морска струја, едвај забележително го носеше чудниот објект кон брегот. „Изгледа дека има некој на сплавот?“ – си рече малку подоцна. Ова не го изненади премногу. Се случувале слични работи и претходно, затоа ни миг не се колебаше. „Утринската молитва може и да почека. Првин треба да му се помогне на несреќникот“.

Ги закачи старите носила за самарот на магарето и тргна удолу. Го познаваше однесувањето на океанот. Се плашеше дека водената струја може да го смени правецот во секој момент. Не сакаше да чека струјата да го дотурка сплавот – седна во дрвеното кајче што го имаше во подножјето и завесла во негов пресрет. По некое време, со врвот на кајчето го допре сплавот. Наместо сплав, пред него пловеа остатоци од изврзани дрва врз кои лежеше неподвижно тело. Струјата му помогна да го довлечка преполовениот сплав до брегот. Загрижен за состојбата на несреќникот, испосникот повеќе не обрати внимание на сплавот. Успеа да го симне страдалникот од сплавот, кој на себе немаше ни парче облека. Го легна на песокот и го стави увото на неговите гради во пределот на срцето. Бавното и неправилно чукање на срцето даваше надеж дека не е предоцна. „Телото најверојатно ќе се поврати, а духот?... Ќе се знае многу подоцна“ – загрижено размислуваше испосникот додека го положуваше на носилата. Го јавна магарето и се упати горе кон храмот.

Во храмот, посла покривка на подот, внимателно го истурка човекот од носилата и се обиде да го сврти на грб. Притоа, раката му се сплетка на потемнето филигрански изработено синџирче околу вратот на бродоломникот. Ја подигна плочката закачена на синџирчето и добро се загледа во неа. Немаше сомнение, беше тоа златната царска амајлија. За него ова откритие беше збунувачко. Знаеше дека во последниот ураган, постариот царски син Исидор исчезнал сосе бродот. Неколку недели подоцна, долу во подножјето, морето исфрли делови од потонатиот брод и неколку тела од морнари во распаѓање. Царското семејство, и покрај неизмерната болка, веќе се имаше помирено со судбината. И, испосникот, сѐ до овој ден, беше сигурен дека нема преживеани. Најмногу

го збунуваше времето изминато по несреќата. Бродот исчезна пред околу два месеца. Невозможно е некој толку долго да преживее на отворено море без храна и вода. Колку што му е познато, во тој дел од морето нема острови. Царските синови ги имаше видено само еднаш и тоа додека беа мали. Можеби младиот, на работ на смртта, и не е царскиот син, меѓутоа амајлијата сигурно е царската, бидејќи таа е една и единствена.

Наредните неколку дена, испосникот несебично се бореше за животот на младиот човек. Го употреби сето свое знаење, умешност и безброј молитви до Создателот да го сочува животот на страдалникот. Се покажа дека неговиот напор не беше напразен. Пулсот на бродоломникот полека се поправи, отоците по телото почнаа да се повлекуваат, а отворените рани да зараснуваат. Синилото околу очите исто така се повлекуваше. Првите неколку дена, додека силната треска го тресеше истоштеното тело, младиот човек непрекинато пелтечеше нешто неразбирливо, мавташе со рацете и преташе со нозете.

Последната – седмата ноќ – спиеше невообичаено мирно. Утрото, дури се обиде да ги отвори сè уште натежнатите очни капаци. Грозницата сосема се имаше повлечено. Во меѓувреме, испосникот по гулаб прати тајна порака од која царот Каран, сепак можеше да заклучи дека се работи за неговиот исчезнат син Исидор. Царот не се двоумеше ни малку. Наредниот ден по примањето на поракаta, во најголема тајност ја напушти палатата и заедно со најдоверливите лични заштитници тргна на Југ.

Додека царот со малата придружба нестрпливо ги броеше деновите по пат, младичот во храмот почна невообичаено брзо да закрепнува. Дури и очите почна да ги отвора. Од под трепките гледаше љубопитно во

старецот со брадата над него, кој лажичка по лажичка му ставаше топла супа во устата. Не разбираше ни збор, ниту пак имаше претстава за тоа каде се наоѓа. Неколкупати гласно му се заблагодари на испосникот за она што го прави за него, а тој зачудено гледаше. Младиот човек сфати дека испосникот ништо не го разбира. Понатаму не се ни обидуваше – само молчеше и внимателно разгледуваше околу себе.

По ручекот повторно заспа. Кога се разбуди, испосникот не беше во собата. Се обиде да се исправи на нозе. Неверојатно, ама му успеа. Зачекори несигурно со болни гримаси на лицето, а од распуканите стапала зад него на подот остануваа траги од крв. Кога испосникот однадвор го слушна чкрипењето на штиците, веднаш се стрча во одајата. Беше навистина пресреќен кога го виде младиот човек на нозе. Крвта по подот беше знак дека е прерано за чекорење. Откако внимателно го врати до креветот, извади чисти ткаенини од долапот и тегличка со маст од толчен здравец и зајачки лој. Му ги намачка раните и му ги завитка стапалата. И ова лекарство на испосникот се покажа делотворно, како и сите пред тоа.

Кога раните на стапалата се зацелија, испосникот првпат го изведе младиот човек надвор од храмот. Полека, чекор по чекор, потпирајќи се на рамото на испосникот, младиот човек доаѓи до монолитот. Испосникот му помогна да седне на дрвената клупа. Седеше тој и гледаше во непрегледното синило пред нив. Молчеше. Умот му беше таму – далеку зад бескрајот, каде што неговиот народ, заедно со неговиот татко, ги одбројуваше последните денови од постоењето. Татко му, очаен и немоќен, го прати заедно со брата си да го најдат Патот. Наместо Пат, еве пред себе гледаше само бескрај. Не само што не гледаше Пат од овој Свет до оној неговиот, туку воопшто

и не се сеќаваше како се најде овде. Се посомнева дека и кога било ќе го види брата си пак. Низ лицето му се стркала солза, прво од едното око, па од другото.

– Да, божјо чедо, жив си. Да се биде жив е прекрасно и неповторливо, зар не? – гласно рече испосникот, гледајќи во местото на мермерот на кое се распрснаа двете солзи.

Младиот човек како да се засрами од солзите. За да ја скрие својата немоќ и тага, се сврте назад. Одненадеж, неочекувано стана од клупата. Набрзина се провре помеѓу клупата и камениот блок и застана како скаменет пред парчето монолит. Со ширум отворени очи, со испружениот показалец почна полека да ја следи издлабената, на места оштетена линија на првиот симбол, па вториот, па третиот... Нешто гласно извика. На испосникот, што зачудено го гледаше, извикот му заличе на неразбирлив крик. Кога стигна до последниот нецелосен симбол, другиот очигледно продолжувал нагоре низ загубениот монолит – ги рашири рацете и го опфати монолитот.

Уште од првиот момент, кога го здогледа чудниот сплав на хоризонтот, пред свештеникот почнаа да се редат загатки една по една. Неговиот ум тешко пронаоѓаше логичко објаснување за ова момче. Иако свесниот дел од умот не сакаше да поверува, сепак потсвеста му зборуваше дека младиот човек ги распознава симболите од дамнешното време и тие му значат многу. Испосникот имаше слушнато од некој од морепловците за појавување на некои чудни бродоломници во далечните мориња што се појавуваат од никаде, а јазикот никој не им го разбира. Сепак, овој млад човек не може да биде ништо друго освен принцот Исидор. „Не се работи за совпаѓање, туку чиста еднаквост“, – си велеше испосникот самиот себеси.

# Пристигнување на царот Каран во светиот храм на брегот

Утрото, младиот човек го разбуди крцкањето на подот под тежината на нечии чекори. Ритамот на чекорите и вибрациите што допираа до него беа потполно различни од оние на испосникот. Прворođениот имаше невообичаена способност по чекорите да ги распознава лицата и пред да ги види. Неговата способност во следниот миг го наведе на најневозможниот заклучок: „Па ова е татко ми! Невозможно!“

Вратата од малата просторија полека се отвори. Во рамката од вратата се појави фигура на крупен човек. Подзастана човекот, па продолжи право кон креветот. Прворođениот се преправаше дека спие. Човекот се наведна над него, се загледа во неговото лице и нежно го допре со дланката. Силна возбуда го обземаше Прворođениот. И здивот од човекот над него беше ист, татковиот. Пулсот во вените беше исто така татковиот.

Царот од царството ***Ма*** полека ја повлече покривката љубопитно гледајќи го телото на младиот човек. „Да, нема сомнеж, ова е мојот син“, – си рече. Иако доста заслабен, недвојбено за него тоа беше неговиот син Исидор, близнакот на Исаија. Неколкуте бемки по телото, цртите на лицето, косата, а и царската амајлија отстрануваа и најмало сомневање. „Ох, Создателу, благодарам што сепак ми го врати“, – рече гласно бакнувајќи ја амајлијата. Синот Исидор, всушност Прворođениот од Другото време, преку подотворените трепки го гледаше татка си од Постоечкото време, а срцето му потскокнуваше од

возбуда. „Ох, Создателу, не измачувај ме преку татко ми! Или земи ме крај тебе, или врати ме дома! Те молам, тргни го неговиот дух од над мене!“ – се молеше во себе. „Духот“ и натаму стоеше над него. Прворoдениот од царството Ра-Му не можеше повеќе да издржи – полека ги отвори очите. Царот му подаде рака и му помогна да се поткрене во седечка положба. Седна царот до него уште повозбуден и од него самиот.

– Исидор синко, иден цару. Нека мене и брат ти Исаија ни прости Создателот, а прости ни и ти што предвреме те прежаливме, – се замисли царот, па продолжи. – И..., чедо мое?... Беше тешко таму во воденото беспаќе, нели?

Прворoдениот од Дамнешното време молчеше. Молчеше, бидејќи не го разбираше овој татко овде, исто како што не го разбираше ни испосникот. Ја облече кошулата и излезе надвор со овдешниот татко. Направија кратка прошетка низ дворот. Царот уште неколку пати се обиде да поведе разговор. На крајот, се откажа. Двајцата без збор седнаа на клупата, меѓу маслинките.

Надвор пред портата, кучето на царот, кое до тој момент мирно седеше крај придружниците, одеднаш се вознемири.

– Мирен Белчо, нема опасност по царот. Ти не смееш да влезеш во дворот, – го смируваше војникот, стегајќи го синџирот.

Кучето ни малку не обрна внимание на зборовите на војникот. Во следниот миг, молскавично се затрча, влечејќи го синџирот и војникот зад себе. Војникот не издржа. Рефлексно ја отвори веќе раскрвавената дланка. Кучето, ослободено од војникот, без тешкотии го прескокна широкиот ѕид. Гласно лаејќи и весело вртејќи со опашката, влечејќи го ланецот зад себе, отрча право кон царот и

Исидор. Се исправи на двете нозе пред Исидор. Возбудено го лижеше по образите. Го излижа добро, па се спушти и продолжи да му ги лиже рацете.

– Доста Белчо! Знам дека и ти си среќен што ти се врати Исидор, – го смируваше царот.

Белчо престана дури откако Исидор го погали по главата. Сè уште мавташе со опашката и искрено и неизмерно се радуваше. По некое време, се качи на клупата и се вовлече меѓу нив двајцата со вратот легнат преку колената на Исидор.

За разлика од кучето, и царот и Исидор чувствуваа голема непријатност. Седеа и гледаа напред кон пространата шир.

„Синко, каде и да ти заминал умот, ти мора да ни се вратиш. Потребен си ми и мене, и на брат ти, а и на царството“, – беше последното што го помисли царот кога го гушна пред заминување. На излегување, надвор пред портата, царот видно загрижен тивко го праша испосникот:

– Што мислиш Оче, дали ќе му се врати говорот?

Стариот ги поткрена рамениците.

– Премногу е рано за што било да се каже, честити цару. Уште е под шок. Гледате и самите. Ќе му треба време...

– За две недели се враќа Исаија од северната граница. Ќе го пратам да го земе дома во палатата. Ќе ги соберам најдобрите доктори... Создателот ни го врати здрав, а ние мора да најдеме чаре за неговиот загубен ум.

## Средбата на Првородениот од Дамнешното време со брата си Исаија од Тогашното време

Првородениот спиеше во колата што неколку недели го траскаше по кривулестиот пат кон царската палата. Го разбуди гласен разговор на претходницата со стражарите пред портата од високиот бедем. Кога ја поминаа главната порта, пред него како да блесна палатата од неговиот свет во која израсна. Формата на оваа палата беше сосема иста со формата на палатата во неговото Дома. Единствено се разликуваше по големината. Оваа палата пред него, во овој за него непознат свет, беше неколкупати поголема. Истата, според неговите критериуми, едноставно беше грандиозна.

Подоцна кришум погледнуваше во лицето на младиот човек што седеше спроти него во одајата. Се соочуваше со невозможна еднаквост. Лузна на левиот образ, бемка на десниот, сини очи, лузна на десната дланка... Да, тоа беше брат му Второродениот. Ги чувствуваше неговите вибрации, ги предвидуваше неговите движења, го топлеше неговата искрена душа... Му доаѓаше да го гушне. Посакуваше да го праша како успеал и тој да се најде во овој свет (во Ова време). И на брата си и на царот би им поставил стотици други прашања, ама не знаеше како да го направи тоа. Јазикот што не го разбираше беше единствената препрека за негово потполно соединување со татко му и брат му во овој толку стварен, а во исто време толку привиден момент. Невозможноста да комуницира со нив, го држеше неговиот ум на работ на илузијата. Немаше избор – ги гледаше и молчеше. Во еден

момент, ќе ја почувствуваше нивната среќа и радост што ете „им се вратил“, а во друг момент ќе ја осетеше нивната длабока загриженост за неговиот „изгубен“ говор.

Во собата влезе стар човек, облечен во чудни алишта, со сериозен израз на лицето. Татко му и брат му излегоа од одајата. Стариот со рака му покажа на Исидор да стане, потоа почна внимателно да го загледува во лицето. Му ги подигна очните капаци, па го изгледа во зениците. Му стави нешто во левото уво, принесе свеќа и гледаше внатре како да бараше нешто. Таму, освен неколку зрнца морска сол, не виде ништо друго. Состојбата беше иста и со десното уво. Му покажа стариот на Исидор и да ја отвори устата колку што е можно повеќе. Го сврте кон сончевиот зрак што навлегуваше во одајата преку прозорецот. Со дрвено стапче му го допираше јазикот, се загледуваше во грлото... Побара од него да ја соблече кошулата. Кога стариот ја здогледа царската амајлија, му стана јасно зошто царот толку е загрижен и таинствен. Изврте цел круг околу Исидор. Пред себе виде здраво, совршено градено тело, со неколку преостанати мали исеченици што добро зараснуваа. Несомнено, младиот човек е достојно граден и физички потполно здрав.

– Добре дојде дома, честити принцу, иден цару. Говорот е даден од Создателот. Ќе се молам со брат ти Исаија и татко ти, да ти се врати, – си рече стариот повеќе за себе.

Првородениот остана нем. Со ниту еден гест не покажа дека не го загубил говорот. Сето тоа време царот нестрпливо чекаше во својата одаја.

– Честит цару, принцот телесно е здрав. Нема никакви видливи последици по телото. За жал, мојата медицина не може ништо да помогне, – подзастана, па продолжи. – Мислам дека треба да се бара помош од духовните

отци или едноставно да се чека да се види што ќе покаже времето...

Царот отсутно гледаше низ прозорецот. Како однапред да го знаеше одговорот на стариот. Дури и не го дослуша докрај.

– Не заборавај на заклетвата за доверливост. Го знаеш и правилото „еден збор надвор од просторијава, еднакво на изгубена глава“.

– Честит цару, твој доктор сум. Мојот завет е даден за вечност...

По прегледот од страна на најдобриот лекар од царството, го сместија Исидор во една од приватните одаи, блиску до собата на овдешниот му брат Исаија. Пред вратата царот го постави најдоверливиот стражар, чиј јазик одамна беше извaден. Сечењето на јазикот е цена што царските слуги ја имаа платено за да влезат во службата. Му одредија на Исидор и слугинка без јазик.

Во деновите што се нижеа, Прворeдениот се чувствуваше прилично осамен. Дури и посетата на мајчиниот гроб не ја намали неговата осаменост, само ги зголеми неговите дилеми – „Каде сум? Кој сум? – Овој Исидор, овдешниот или оној Првородениот, тамошниот?“ Надгробниот споменик имаше иста форма со оној што лично го подигна на гробот на мајка си неколку месеци пред да исплови. Нејзиниот лик вдлабен во гранитот, му искраде неколку солзи исто како и оној таму зад воденото беспаќе. Не сакаше да се измачува со дилемата дали овој лик е копија од оној таму или тој таму е копија од овој овде. Единствено во што Првородениот од Старото време беше сигурен, е лицето на мајка му. Тоа е истото и Таму од каде што замина, и Овде каде што се најде.

Утрото, на изгрејсонце, во собата влезе белокос старец во црна облека. По неговите очи, по спокојниот и

по малку таинствен израз на лицето Првородениот знаеше дека е свет отец. Отецот му подаде рака која без никакво двоумење ја бакна. Истото го правеше и во неговиот свет. Отецот како да се збуни за момент, па рече: „Чедо божјо, па ти си потполно свесен за сè околу себе“.

Се поклони отецот длабоко пред него, потоа се упати кон прозорецот што гледаше на Исток. Пред прозорецот ја запеа утринската молитва – благодарност до Создателот за новиот ден. По движењата на рацете и телото, Првородениот знаеше која молитва ја пее отецот. Во еден миг посака да му се придружи и заедно да ја испеат. Дури и направи еден чекор кон прозорецот, па се поврати. Не, не можеше да пее со отецот – сепак поради различниот јазик, молитвите би звучеле туѓински.

За разлика од царскиот доктор кој го констатира она што и на царот му беше јасно дека Исидор физички се оправил целосно, светиот отец немаше одговор ни на едно прашање. Ја напушти одајата несигурен за многу работи: „Дали принцот Исидор е свесен за она што се случува околу него? Дали знае каде се наоѓа? Дали го загубил само говорот или пак и расудувањето? Дали е свесен за Створителот?“ Паралелно со овие дилеми, светиот отец виде очи полни со живот, лице што зрачи топлина и среќа, лице на чуден начин обземено со тага и радост едновремено.

– Честити цару, ќе се молиме со отворено срце за принцот Исидор. Молитвата е лек за сите болести на душата. Нема друг лек во овој момент.

– Да, разбирам, разбирам – рече царот кој никогаш не се чувствувал толку немоќен, како што беше во овој момент.

– Честити цару, додека се молиме за него, внимавајте на себе. Не смеете да си дозволите ова долго да ве разјадува.

– Да оче, ќе внимавам, – потврди царот, со небаре замрзнато лице и поглед загубен некаде далеку. Светиот отец тивко ја напушти просторијата и го остави царот сам со неговата мака...

*****

Додека Првородениот се бореше со осаменоста и се обидуваше да ги предвиди потезите на татка си – овдешниот, надвор од одајата, животот на луѓето низ палатата си течеше на вообичаен начин. Одвреме-навреме, Првородениот дури го чувствуваше и присуството на својата свршеница. Ги слушаше и ги броеше нејзините чекори низ одаите. Освен што свесниот дел од умот му кажуваше дека таа, всушност, не е таа, туку овдешната свршеница на исчезнатиот Исидор, сѐ друго во целост се совпаѓаше со она што го чувствуваше додека беше таму од каде што дојде. Од сите правци до него допираше нејзиниот опоен мирис. Непогрешно ја следеше, со изострениот слух, низ одаите во палатата. Умот непрекинато му бегаше кон неа. Ја чувствуваше и нејзината блискост со овдешниот брат Исаија. Ако сакаше, можеше да ги изброи нивните бакнежи кога беа заедно во нивната одаја. Иако не ја гледаше, беше свесен за она што го направила, но не чувствуваше ни малку лутина кон неа. Си имаше свое објаснување зошто не ја осудува: „Тој што го сакала, заминал, го немало и по подолго време ѝ кажале дека никогаш нема да се врати. Нејзината љубов треба да живее, да се негува, да се искажува..., да му се поклони на некој што ќе ѝ возврати. Од исчезнат не може да очекува возвратена љубов. Би останале само спомените кои ќе ѝ ја крадат среќата, ќе ѝ ја придушуваат радоста и ќе ѝ ја трошат младоста. „Посакуваше барем да го види нејзиното лице и да го спореди

со она во неговата меморија. Сепак, мислата за болката што би ѝ го нанесло неговото „воскреснување“, го обесхрабруваше од каква било акција.

Една ноќ, старата слугинка што остануваше во едниот дел од одајата, се преплаши кога Првородениот почна гласно да зборува во сонот. Подоцна се навикна на неговото неразбирливо мрморење и повремени гласни кошмари. Ѝ беше жал за принцот. „По два месеца ужас на отворен океан, еве го пак дома. Има јазик, а сепак е нем. Не, не е нем, преку ноќ зборува. Таа не може да му го каже тоа на царот. Нема право, а и нема јазик“. Се прашуваше со кого Исидор зборува во сонот – дали со самиот себеси, дали со својата потсвест или можеби лично со Создателот. Ќе се разбудеше Првородениот во ниедно време, ќе се поткренеше на креветот, на перницата зад грб и подолго време ќе гледаше во пламенчето од фитилот во ламбата зад завесата. Еден момент, пламенчето ќе го потсетеше на огромното жешко сонце што немилосрдно пржи, устата натечена, а солта ги разјадува раните. Ќе минеше мислата низ умот како бран. По неа, надоаѓа друга мисла – вжарена лавина што како ѕвер ги голта неговите луѓе, а тој лебди високо како птица. Кога ќе се повратеше од кошмарот, ќе се замислеше за сегашноста што го снајде.

Дома е, а не е дома.
Со своите е, а не е со своите.
Го напушти оној татко таму,
за да го најде Патот.
Наместо Патот,
се најде кај овој татко овде.

На моменти пак си велеше дека Создателот ги пренесол татко му и брат му во овој свет пред тој да се појави,

дека постои само еден брат и само еден татко. Овие овде се среќни што тој е „дома“ – им го чита тоа во мислите, им го гледа во очите. Во еден миг и тој се радува на нивната среќа, за во следниот да се соочи со несреќата на брата си од својот свет кој замина во спротивен правец. Размислува за судбината на оној татко таму, кој можеби веќе е проголтан од лавата или пак задушен од пепелта. Го измачува неговата сопствена тажна судбина за чија неправедност нема на кој да му се пожали, ниту има со кој да ја сподели.

По разговорот со Светиот отец, царот Каран почна да го обвиткува уште поголема тага и да запаѓа во очај. Да чека додека на Исидор му се врати говорот? – само Создателот би знаел колку би потрајало чекањето. На царството му треба цар, му треба иднина – му треба освежување. Во палатата сите до еден кон Исаија, по исчезнувањето на Исидор, почнаа да се однесуваат како кон иден цар. Освен царот, не сметајќи го испосникот и царскиот доктор, никој во царството ***Ма-онско*** не знаеше дека царската амајлија му беше доверена на Исидор. Сега, кога и амајлијата и неговиот избраник се крај него, царот се најде пред искушение низ кое не знае како да помине. „Цар без амајлијата не е цар. Царство без цар не е царство“, – тоа би му го рекле светите отци и секој разумен поданик. Легендата пак зборува дека амајлијата смее само да биде предадена на идниот цар. Таа не може да се одземе – нема покајување, нема поправање, нема враќање. Откако ќе се прими, станува дел од телото и од судбината.

По напуштањето на неговата одаја од страна на светиот отец, царот око не можеше да склопи. Едно утро го повика Исаија во својата одаја.

– Татко, што се случило со тебе? Изгледаш многу лошо, – рече Исаија уште од врата кога го виде така си. –

Зошто толку си загрижен? Сигурен сум дека Исидор ќе ни се врати. Го гледаш како брзо заздравува.

– Синко мој, да имаш син е награда од Создателот. Да имаш близнаци е стопати награда. За жал, покрај убавите работи, во животот доаѓаат и моменти кога ти се кине срцето од тага и немоќ. Те викнав за да го посетиме брат ти Исидор. Мора да се договориме што ќе правиме. И самиот гледаш дека не можеме да останеме во оваа состојба.

*****

Првороденият видно се израдува кога влегоа во неговата одаја. Го прегрна татка си, па брата си. Тројцата седнаа еден спроти друг во еден вид триаголник. Седеа и се гледаа..., и се гледаа..., и се гледаа... Во просторијата се чувствуваше напнатост помешана со придушена топлина и радост. Тишината беше навистина неприродна, а загриженоста на лицето на царот и премногу видлива. За разлика од него, браќата дишеа како еден, а можеби и мислеа како еден... Невидливиот ментален енергетски тек меѓу тројцата носеше само прашања. Секој поединечно ги чувствуваше прашањата и го разбираше нивното значење, меѓутоа одговор не доаѓаше ни на едно од нив.

Менталниот тек не можеше да се одржува долго. Излез мораше да постои. Во еден момент, Првородениот стана од столот и се упати кон огништето во кое имаше јагленосани дрва. Зеде едно од нив, па се врати назад. Го тргна својот стол настрана и на подот, пред нозете на брат му и татко му од овој свет, почна нешто да црта. Царот и Исаија како маѓепсани го гледаа Исидор како вешто го влече врвот од јагленосаното дрво по подот. Малку по малку, пред нив прво се појави светиот храм од брегот од каде го зедоа Исидор. Го доцрта Прворо-

дениот и подножјето од одамна заборавениот монолит меѓу маслиновите дрвја. Потоа, пред царевите нозе се појави еден лик, па се појави друг лик – два потполно исти и лесно препознатливи. Немаше никаква разлика ниту меѓу ликовите на подот, ниту меѓу овие реалните свртени еден кон друг. Всушност, сите четири лика, овие физичките и оние нацртаните, беа едно исто. На подот, врз главата на едниот лик Првородениот ја нацрта и царската круна. Потоа упадливо ја прикажа царската амајлија околу вратот. Царот збунето гледаше час во Исидор, час во цртежот. Цртачката вештина на Исидор уште повеќе го збунуваше. Царот Каран, кој ја господареше моќта, кој имаше беспоговорен и безграничен авторитет, кој мислеше дека е непогрешлив – дека ја поседува апсолутната правичност, во тој момент седеше крај синовите немоќен, изгубен, несигурен...

Првородениот подзастана, па доцрта дебела поврзувачка линија меѓу ликот без круна и храмот. На крајот од линијата, што заврши пред влезот на храмот, додаде уште подебела стрелка.

Го спушти јагленосаното дрво на подот и се исправи. Полека ја откопча кошулата. На неговите гради светна царската амајлија. Принцот Исаија не можеше да верува. Во истиот момент горчлив бран му проструи низ умот: „Татко го избрал брат ми?' Потсвеста одбиваше да поверува дека амајлијата е обесена околу вратот на брат му Исидор. Случувањата се одвиваа пребрзо. Горчината и не стигна да му го обземе целиот ум на Исаија. Првородениот полека го извади златното синџирче со амајлијата и пријде кон него. Мирно го спушти синџирчето преку главата на брата си Исаија – овдешниот и го обеси на неговиот врат. Амајлијата повторно светна со својот магичен жолтеникав сјај. Во тој момент, на Исаија ни малку не му

беше лесно. Длабоката разочараност во миг се претвори во уште посилна среќа и неизмерна радост. Првородениот го познаваше тоа чувство – веќе ја имаше искусено топлината низ телото и немерливата благодарност кога првпат ќе се почувствува амајлијата на градите. Среќата на брат му Исаија, овдешниот, и него лично го исполнуваше. Беше сигурен дека прави нешто добро – нешто човечно. Потоа пријде кон татка си, му ја фати дланката, му го испружи показалецот и му го положи врз стрелката помеѓу вториот лик и храмот. Царот беше послушен како дете. Не му требаше многу време за да разбере што бара Исидор од него – да го врати назад кај испосникот во малиот храм на брегот. Клекнат на подот пред цртежот, царот ја спушти главата на подот. Челото му беше допрено точно на влезот од храмот.

Во наредните моменти му се случи на царот Каран она што ни еден поданик не го очекува од својот цар – се расплака царот.

Се расплака пред своите близнаци.

Плачеше врз цртежот од храмот.

Плачеше врз судбината на син му Исидор.

Плачеше врз неправедноста на единствениот можен излез од овој ментален кошмар.

Некои делови од кошмарот ќе останат да го мачат до крајот на животот. До последниот здив ќе се прашува царот: „Дали Исидор навистина е нем? Дали Исидор навистина не разбира што се случува околу него?“ – и ќе си замине без одговор.

## Првородениот се враќа
## во храмот кај испосникот

По разврската на дилемата околу царскиот наследник и амајлијата, во најголема тајност Првородениот го испратија на југ во храмот на морскиот брег.

Првото утро, испосникот се разбуди рано, дури и пред да се појави ѕвездата Деница. Поседе надвор на клупата, уживајќи во одблесокот на месечината во водата. Притоа непрекинато мислеше на Исидор. Воопшто не беше изненаден од неговото враќање во светиот храм. Го предвиде неговото враќање уште кога дојде брат му Исаија по него. Од првиот ден нешто му зборуваше дека принцот Исидор го надраснал царувањето. Единствен поголем предизвик од станувањето цар и служењето на народот, е служењето на Создателот. Се врати назад и тивко како мачка влезе во малечката кујна. Сакаше на Исидор да му подготви појадок за добре дојде дома.

*****

По враќањето на Исидор во храмот, минеа денови, минеа недели, минеа месеци... Катадневно испосникот поминуваше часови и часови со Исидор, кој всушност беше Првородениот од старото време. Овој брзо учеше за градинарските вештини, за птиците, за кокошките, за зајачињата, за готвењето – така барем му се чинеше на испосникот. Една по една од градинарските работи, испосникот почна да му ги препушта на Исидор. Годините го притискаа, здравјето попушташе, а сакаше да го

оспособи да живее во хармонија со изолираниот микро свет околу храмот. „Ако Исидор се грижи за лимитираниот растителен и животински свет околу храмот, нема ни еден момент да остане без храна и љубов“ – си мислеше испосникот. Исидор се покажа подобар и од најдобар ученик. Сè што ќе засадеше, ќе се фатеше. Секој цвет ќе се расцутеше во вистинско време и секој плод ќе созрееше токму навреме. Пчелите, пак, од неколкуте кошници поставени во дворот, спокојно слетуваа на неговото лице и весело зуеја, како да му шепотат нешто. Дворот на храмот беше преполн со живот. Преку ден се слушаше црцорење на врапчињата, гласни довикувања на пауните и брмчење на бумбарите. Предвечер, пак, ќе се јавеа штурците со својата заспивачка песна. Околу храмот непрестајно се свиреше некоординирана симфонија која испосникот и Исидор не сакаа да ја расипуваат. Тие ни глас пуштаа, ни збор зборнуваа. Очите, изразите на лицето и понекогаш рацете им беа начинот на говорење. Во тој минијатурен во исто време величествен свет, свет по мерка на Создателот и немаше што да се зборува.

Подалеку од храмот, долу на брегот, веднаш покрај водата, повеќе месеци по враќањето на Исидор, царските мајстори почнаа нешто да градат. Првите неколку недели погледнуваше испосникот од љубопитност во тој правец, прашувајќи се што наумил царот. Царот Каран имаше голема почит кон Светите отци и испосниците. Знаеше дека со неверен народ не се гради царство. Редовно ги потсетуваше царските советници да водат грижа за сите храмови, сакралните и испосничките места. Беше сигурен испосникот дека и овојпат царот прави некоја добрина за верата. Низ царството постоеја мал број испоснички храмови слични на овој. Царот ја почитуваше осаменоста на

испосниците и освен него и Исаија, никој не смееше да влезе во храмот.

Долу крај водата, камен по камен, тула по тула, почнаа да се креваат ѕидови и да се распознава формата на градбата. Несомнено, се градеше помал, и во ист облик, храм како овој горе на карпата. Го завршија мајсторите храмот, потоа со камени ѕидови го оградија дворното место. Според површината на земјиштето – дворното место – опфатено со ѕидовите, испосникот непогрешливо заклучи дека храмот се гради само за едно лице.

Не измина многу време од завршувањето на новиот храм, кога по патот од рамнината кон ридот се појавија бројни коли влечени од по четири ѕевгари волови. Напред, колона царска војска, назад – колона работници. Преку специјалните транспортни коли се наѕираше положен голем предмет.

Беа потребни неколку месеци, безброј раце, километри дебели јажиња и голема досетливост за да се извлече тешкиот монолит пред портите на храмот. Беа потребни уште неколку месеци за да се издлаби делот што беше во градината уште од дамнешните времиња и на него да се исправи новиот монолит. Го споија градителите Старото и Новото, мајсторски и прецизно. Да не беа недовршените симболи, спојот не би се распознавал ни малку. Ја завршија работата и си заминаа.

Прворoдениот го изгледа подигањето на монолитот од својата испосничка ќелија. Спојот на новиот мермер со стариот сепак не беше потполн. Неколкуте симболи останаа недовршени. Во царството не постоеше мајстор што знаеше како да ги заврши древните симболи. Сепак, и без симболите монолитот блескаше со својата мермерна белина, исправен меѓу двете маслинови дрвa, небаре допирајќи го небото со остриот врв.

Царот, застанат на мостот на царскиот брод, далеку од морската шир, со олеснување го проследи подигањето на монолитот. Тоа беше неговиот аманет кон синот Исидор, за чиј престој во малиот храм, освен тој, брат му Исаија и стариот испосник, никој не знаеше во царството.

Врховниот свештеник притиснат од тежината на тајната за принцот Исидор, одамна се имаше повлечено во испосништво во мал изолиран храм во непристапен планински крај на север, а личниот лекар на царот од тага што не виде начин да му помогне на Исидор, се имаше отруено неколку дена по прегледот. Морнарите, пак, востановија традиција на денот на бродоломот, во чест на исчезнатиот Исидор, да фрлаат грст цвеќиња во водата – да изразат почит и сеќавање на него.

„Прости ми синко Исидор, да можев и повисок монолит ќе подигнев... Верувам дека во храмот најде мир на душата“, – проговори царот во себе додека грстот шарени цветови иташе кон водата.

Командантот на бродот направи сè за годишнината од „исчезнувањето“ на принцот Исидор и останатите морнари во бродоломот, да помине достојно.

– Татко, зар не е прекрасен монолитот? Во моментов ја чувствувам големата возбуда во срцето на брат ми Исидор. Мислам дека дури е посилна и од мојава, – рече принцот Исаија, идниот цар, гледајќи цело време кон монолитот.

– Да, мој синко Исаија, грандиозен е, а сепак премал за оној кому му е посветен...

## Животот на Прворођениот во храмот – живот во безвремето

Прворођениот си имаше прецизен дневен распоред – работеше во градината, седеше во храмот и се молеше, подготвуваше јадење, го одржуваше храмот. Никогаш не влегуваше во ќелијата на испосникот. Ја почитуваше неговата осаменост и ја практикуваше сопствената. Во храмот се чувствуваше соединет со Создателот. Го чувствуваше во својата душа и во срцето. Преку Него им упатуваше пораки на оние таму од Дамнешното време и овие овде во царството од Сегашното време. Возвишен мир и спокојство владееше во него. Во исто време беше и во земскиот и во небескиот рај – или барем така му се чинеше... Испосникот пак, почна да искажува еднаква почит кон Создателот и кон Исидор. Молитвите ги посветуваше на двајцата. Така се чувствуваше поспокоен и целосно исполнет.

Годините минуваа, една по една... Испосникот сè поретко излегуваше и сè пократко се задржуваше надвор. Речиси целата работа во градината, грижата за исхраната и грижата за чистотата ја презеде Прворођениот.

*****

Едно попладне, кога се врати од градината, Прворођениот најде необична книга на масата. Оддалеку се гледаше дека е многу стара. Под зеленкастата патина се назираше жолто-црвенкастата боја на тврдата корица.

Ја отвори корицата. Се подзагледа во првата страница, го свртe златниот лист, се загледа во втората страница, па во третата, па во четвртата... Неговото изненадување растеше со секој новоотворен лист. Во книгата, овде-онде расфрлани, ги препознаваше бројните фрагменти втиснати на ѕидовите низ пештерите во неговиот далечен свет.

Симболите од книгата за час го пренесоа Првородениот во неговото детство. Уште како мал ги засака симболите. Многупати татко му го носеше во пештерите и за секој симбол му кажуваше по една легенда. Од него научи дека во тие симболи љубовта е возвишена и чиста како солза, радоста е небеска, а правдината безгрешно праведна. Симболите отсликуваа горд, воинствен, моќен, а во исто време мироЉубив и милосрден народ. Од симболите и од татковите раскажувања откриваше несекојдневни работи за големото и силно царство што некогаш постоело, па од некои причини Создателот одлучил да го казни. Казната била сразмерна со Неговата сила – ги уништил царството и народот. Од тој народ поштедил само грст фамилии и ги пратил во неповратот. Како што растеше Првородениот, така во потсвеста му се јавуваше сѐ поголем сомнеж за точноста на легендите. Еден период си мислеше дека можеби Создателот направил грешка. Зошто би потопил толку верба, добрина, љубов, оддаденост и посветеност? Подоцна размислуваше дека можеби тие, некогашните предци, тешко се огрешиле. Сега, откако Создателот го истргна од песколот и го врати во зародишот на преданието, Исидор ги држи во рацете одговорите на сите поставени и непоставени прашања и на сите сомнежи што го прогонуваа уште од детството. Пред себе ја имаше Тајната на овој, сегашниот, а во главата Тајната

на оној, од каде што тој доаѓа, некогашниот народ. Два народа – од ист зародиш.

И почна Прворođениот да чита... Ред по ред, страница по страница...

На испосникот окото дури му се вцрвене, следејќи ги реакциите на Исидор низ клучалката. Неговите сомнежи дека овој млад човек не е оној Исидор, што исчезна во бурата пред неколку години, го измачуваа сè повеќе. Сега, за сигурно се потврди неговата претпоставка дека овој Исидор ја знае тајната на симболите и вечното предание изгравирано во Златната книга. „Исидор знае повеќе и од возможното. Тој како да е дојден од дамнината, од заборавот. Можеби е пратен од Создателот, а можеби во храмот е самиот дух на Создателот, материјализиран во човечки облик“. Длабоко замислен, тивко, како што пријде, така и исчезна од зад вратата. Ова беше првпат Прворođениот да не го почувствува неговото присуство. Од тој момент, Прворođениот за испосникот стана центарот кон кој беа упатувани сите негови молитви.

Кратко, откако испосникот кришум ја остави Златната книга со најголемите тајни за **Ма** народот во ќелијата, Прворođениот забележително ја промени својата дневна рутина. Почна по неколку часови дневно, подолго да останува во својата ќелија. Испосникот знаеше дека тоа време Исидор ѝ го посветува на Златната книга. Прворođениот откри дека покрај симболите кои ги познаваше, имаше уште многу други што никогаш не ги видел. Не беше загрижен поради тоа. Овде, во храмот, имаше повеќе од доволно време да ги проучи и да ги разбере. Секое утро, по утринската и секоја вечер по вечерната молитва, по неколку часови црташе, прецртуваше, бележеше, комбинираше и анализираше. Така, непознатите

симболи еден по еден ги ослободуваше од таинственоста, откривајќи им го значењето.

Многу месеци подоцна, едно тивко и ведро утро ги прибра примитивните алатки за длабење камен што ги пронајде во визбата на храмот. Испосникот беше вистински изненаден кога првпат го здогледа Исидор со чекан и длето во рацете како виси на ортома високо на монолитот. Прввородениот почна од врвот на монолитот. Удар по удар, цртка по цртка, точка по точка се раѓаа симболи одозгора, па надолу. Испосникот гледаше горе кон Исидор и потајно му се молеше на Создателот да го чува од несреќа. „Или Исидор има премногу човечка среќа или има способност што ја нема обично човечко суштество. Ни гребнатинка, ни капка пот, а сонцето пржи ли пржи". Размислуваше испосникот катадневно, гледајќи ги неговите натчовечки способности. „Можеби е полубог, а можеби е и самиот Создателот – олицетворен во човек". Кога ќе се сетеше во каква состојба го најде Исидор на сплавот, во истиот момент ќе престанеше да се сомнева во неговата девствена вистинска човечност. Како и да е, вистински и непрекинато стравуваше додека Исидор висеше на јажињата.

Длабењето на симболите потраја неколку месеци. И бура знаеше да дувне со сета сила, ама Исидор не прекинуваше. Кога дојде до спојот на новиот монолит со парчето од стариот, со филигранска прецизност ги спои двата дела од симболот – стариот со новиот.

Прввородениот ретко се обидуваше да комуницира со испосникот. Беше обземен со значењето на симболите и со она што го криеше Златната книга. Едно попладне, излезе надвор со книгата в раце и седна до изненадениот испосник на дрвената клупа пред монолитот. Ја положи книгата на клупата. Врз задната корица натрупа поголем

број дотраени пергаментни листови. Испосникот не беше сосема сигурен што всушност Исидор сакаше да му каже, сепак утрото пушти гулаб писмоносец со порака до царот. Точно три седмици од пуштањето на гулабот, царскиот гласник со бројна придружба, спушти свиток со празни златни листови од внатрешната страна на влезната порта. Набргу потоа, испосникот искористи прилика додека Прворoccurенот работеше во градината, да го спушти свитокот листови на неговата маса и тивко да се искраде оттаму.

Првороденоит се восхитуваше со она што го откриваше преку симболите – скриено минато на некогашно силно царство распослано низ питоми и родни краеви што вредниот и посветен народ ги претворил во земен рај. Тагуваше над трагичниот крај на истиот тој рај кој одненадеж се претворил во водена смрт. Од книгата дозна дека сепак Создателот не го уништил целосно некогашното царство. Преживеаните од бродовите – зародишот на неговиот народ на огромниот изолиран остров – запишале погрешен заклучок. Иако физички преполовено, царството сепак се возобновило и продолжило да опстојува. Од жал за изгубените браќа и сестри, народот издигнал импозантен монолит. Тука некаде завршуваше, под безбројните симболи заробено, одамна, одамна во времето затурено предание. И, седна Првородениот на празните листови да го врежува недокажаниот дел од преданието, оној дел што никој во земјата ***Ма*** не можел да го дораскаже.

*****

По неколку години, испосникот се пресели долу крај водата во новиот храм. Царските чувари му го предадоа со средена градина, среден двор, нова ќелија, нов молит-

веник... Тетеравејќи се стариот угоре-удолу, на магарето си ги пренесе и своите мали работи кои за кого било надвор од ѕидините на храмот би биле потполно безвредни. Прворođениот остана горе во храмот, соединет со Создателот во девствена осаменост. Повремено оттаму ќе ја забележеше силуетата на испосникот како се тетерави долу низ градината.

Зимата, кога времето залади, а бурата почна да се вовира и во најситното човечко ковче, зачаде од оџакот над ќелијата на испосникот... Некаде сред зима, чадот почна да намалува... Намалуваше..., намалуваше..., намалуваше... На крајот стивна и повеќе не се појави...

Прв и единствен пат, Прворođениот се спушти долу за да го погребе стариот испосник. Во неговата ќелија пронајде амајлија со невешто врежани и на неколку места згрешени симболи. Ги цртал испосникот по сеќавање со обична игла, со очи кои едвај гледале. Ја подготвувал – „за секој случај ако царската амајлија биде изгубена“. Испосникот беше длабоко убеден дека клучот на опстојувањето на ***Ма*** народот е во пораката, па затоа сакал да ја обезбеди и на тој начин. „Пораката не смее да се загуби – таа мора да биде предадена“.

Прворođениот го испрати испосникот во вечен мир. Постави поголем камен на местото каде што го погреба неговото тело. На каменот издлаби само еден знак од Дамнешното време – знакот што изразуваше најдлабока благодарност.

*****

Прворođениот, понекогаш преку прозорецот на својата ќелија ќе се загледаше во вертикалната, како со нож пресечена карпа на крајот од дворот, што останала негиб-

ната уште од изградбата на храмот. Беше сигурен дека и покојниот испосник го правел истото. Испосникот замина, а карпата си остана. Не само карпата, туку и самата почва му изгледаше дива, вечна и непобедлива. Имаше моменти кога Првородениот дури ѝ беше и љубоморен на карпата. Се прашуваше колку милениуми би можел да биде стар ридот на кој е изграден храмот. Сеедно, кога милениумите ќе се поделат со просечната должина на човечкиот живот, се добива бројка во која се губи смислата на човековото постоење. Илјадници генерации се изредиле, една по една, а карпите не мрдаат. Беше сигурен дека истите карпи биле неми сведоци на потопот на јужниот дел од царството... Свесен е и за својата лична минливост. Карпата од крајот на дворот ќе го изгледа молкум и неговото постоење, за на крајот да го прегрне и да го врати во вечноста. Пред да се случи тоа, Првородениот одлучи да ја предизвика нејзината цврстина и постојаност. Имаше тој сила, ум и трпение за таков предизвик.

Со чеканот и неколкуте длета, што му останаа како подарок од стариот испосник, Исидор започна да ѝ дава еден вид човечност на карпата. Почна од врвот. Удар по удар, парченце по парченце, ослободи од карпата поголем блок. За тоа, колку време потроши на одвојувањето на блокот од карпата, Првородениот воопшто и не размислуваше. Времето во неговиот микросвет немаше значење. Од блокот изработи две страни за клупа. Ги одвлечка до пред монолитот и ги вглави во мермерната подлога. Ја извади дебелата попречна штица од разнишаната клупа и ја провре низ прецизно издлабените отвори на камените страни. Наместо на разнишаната дрвена клупа, чие крцкање и нишање неизбежно му ги навраќаше мислите на пеколот низ кој мина на полураспаднатиот сплав, сега спокојно седеше на нова масивна апсолутно стабилна клупа.

Карпата на крајот од дворот остана и натаму да го предизвикува пркосот на Првородениот кон статичноста и непроменливоста. По завршувањето на клупата, пак ѝ се врати на неа. Секој ден по неколку часови со чеканот и длетото ја одржуваше својата физичка виталност, а на умот му даваше значење преку обликувањето на карпата.

*****

По одреден број години, некој од високите црковници му поткажал на царот Каран што бил на смртна постела дека таинствениот испосник од малиот храм ги издлабил неговиот лик на големата карпа во дворот на храмот. Покрај царот, до постелата бил неговиот помлад син-наследник Исаија. Со виден напор царот ги отворил очите, а низ лицето му се појавила блажена насмевка. Сознанието дека Исидор – неговиот постар син – го овековечил неговиот лик во дворот на храмот, за него беше знак дека му е простено и дека љубовта на Исидор кон него никогаш не згаснала. Царот среќен испуштил душа, стискајќи ја раката на Исаија, а милувајќи го со последните мисли Исидор, оставен долу на Југ во храмот.

Прворoccurрениот не ни знаеше дека царот починал. Додека го длабеше ликот, тој беше во духовно единство со татка си од Дамнешното време (од неговиот свет), а всушност го издлаби ликот на овдешниот татко од Сегашното време. Ликот на татко му во неговите спомени беше идентичен со ликот на татко му од Сегашното време.

Едновремено со скротувањето на карпата, Првородениот продолжи во својата испосничка ќелија, со помош на симболите да им шепоти на празните златни листови сè додека не дојде до дното на своето паметење и не го

потроши последниот од златните листови. Во неговиот дел од приказната се најде место и за нему најзначајните два лика. Со филигранска прецизност го изгравира ликот на татка си Тамошниот и ликот на стариот испосник, неговиот спасител, кој го воведе во Овдешното време. Ликот на испосникот го стави на предната корица, а ликот на татка си на задната. Почетокот на неговото предание го одбележа со монолитот и себеси, седнат на камената клупа загледан напред во недофатливото... Откако на листовите им го кажа сето она што го знаеше, во душата доживеа длабоко олеснување. Мислите повеќе не му се туркаа една преку друга. Се врати Прворoдениот во својот мир, каде што и припаѓаше. Преданието за ***Ма*** луѓето си го најде изгубениот дел – стана едно и целосно. Го спои Прворoдениот времето, она тамошното – прастарото и ова реалното, Исидорово време.

Ја доработи Прворoдениот и амајлијата – ги поправи грешките што ги направил испосникот и ја доврши пораката. Меѓу дебелите метални корици се најде место и за неа. На крајот му ја остави (предаде) Златната книга на судбината на времето.

Лежела книгата во заборавот неколку илјади години, а можеби и повеќе, за на крајот да го предизвика умот на Крис од Акирема од неодамнешното наше време.

# ОДБЛЕСОЦИ ОД ИДНИНАТА

Го запиша Крис значењето скриено под последниот симбол на последната страница од Златната книга во тетратката. Тоа беше крајот на преданието што Крис десетина години го откриваше низ симболите на Златната книга. Не ја затвори корицата. Во последниот лист, распослан преку симболите се одблеснуваше неговиот лик. За првпат, Крис забележа дека половина лице му е скриено во брадата. Стана од дрвениот стол, ги протегна нозете, направи еден круг низ собата, па погледна низ прозорецот. Однадвор заводливо му се насмеа пролетта со својата убавина и заносност. Беше длабоко замислен. Воопшто не ѝ обрна внимание на пролетната насмевка. Се доближи до масата и онака стоејќи, пак го врати погледот на филигрански изгравираните симболи на последниот лист. Стоеше простум, со умот нурнат во значењето на симболите. Неговото повеќегодишно ментално патешествие низ отсечка од вечноста, гледано од аспект на реалноста, требаше да заврши откако ќе ја затвореше корицата. Веднаш до незатворената Златна книга лежеше преводот. Таа дебела тетратка со извиткани листови му одзеде една декада непрекинато мобилизирање на сета негова енергија, креативност и умешност што ја поседуваше.

Крис во Златната книга не откри некоја голема тајна, иако во повеќето пергаменти од стариот рудник Рашла беше запишано дека токму Златната книга ја содржи Вечната тајна. Тајните државни служби на Акирема, пред

педесетина години, веднаш по откривањето на пергаментите, започнаа потрага по книгата, која трае и до ден денешен. Наместо некаква спектакуларна тајна, Крис откри само неповторливо архаично кажување за милениумите.

Додека се огледуваше во златниот лист, случајно забележа силуета од правоаголен предмет, што се оцртуваше од внатрешната страна на дебелата корица. Внимателно со жилет го изрежа листот по линиите. Полека го повлече исеченото парче. Од корицата испадна златна плочка на која милениумите не оставиле ни најмала трага.

Крис возбудено ја подигна. На плочката јасно се гледаа и се препознаваа симболи сложени во два стиха. Лесно ги прочита, меѓутоа, почна да се двоуми во која форма да ги запише во тетратката на јазикот од неговото време. Дури и не мораше да ги запише. Стиховите, уште при првото читање длабоко се врежаа во неговиот ум. Во тој момент, мора да се признае, во умот на Крис беше загубена нишката меѓу реалноста и надреалноста – меѓу сегашноста и вечноста. Стиховите од древната амајлија му одѕвонуваа во мислите. Се чувствуваше како дел од безвременоста.

Ја подигна дебелата тетратка од масата. Шеташе со неа в раце, занесен низ просторијата. Од чајникот на ќумбето се ширеше пријатна миризба на мајчина душица. Го зеде канчето за чај од аголот на масата и се упати кон ќумбето. Ја стави тетратката под пазувата, со намера со другата рака да си налее чај. Посегна по чајникот. Не, не го крена. Се премисли. Го спушти празното канче покрај ќумбето, ја зеде тетратката од под пазувата, со другата рака ја отвори вратничката на ќумбето, ја стутка тетратката и ја стави во огнот... Огнот накратко забаботе.

Бројни црвено-сини пламенчиња се извија околу тетратката. Листовите се одвојуваа еден од друг, се виткаа и исчезнуваа еден по еден. На крајот, од тетратката остана само бел пепел растурен врз жарот во ќумбето. Дури тогаш Крис си налеа чај во канчето и се врати крај масата.

На левата страна во аголот на големата маса имаше две убави рамки – единствените две нешта што ги зеде со себе кога ја напушти далечната Акирема. „Чудна одлука на најпознатиот светски хемичар Крис Павловски. Ја напушта науката и заминува во далечната ***Ма*** ’да му служи на Господ Бог‘ – како што вели тој“– беше насловот од репортажата исечена од некој весник. Во долната половина од истата рамка, уште една репортажа „Младиот научник Александар Павловски – добитник на престижна светска награда од областа на роботиката“.

Втората рамка беше многу помала. Во неа постоеше врамена фотографија – сопругата Ана и ќерка му Евдокија во свечена униформа од универзитетот. Се погоди да биде во ист ден нејзиното дипломирање со пензионирањето на мајка ѝ.

Седеше стариот Крис на столчето, испивајќи голтка по голтка од топлиот чај и се загледуваше час во фотографиите, час во отворената Златна книга. Го допи чајот, па ги собра сликите од масата. Го извади металното ковчеже од долапот. Ја положи на дното големата слика, па ја завитка малата слика во ленено платно и ја стави врз големата. Врз нив го стави правилно свиткано знамето на Акирема. „Ви благодарам што ми дадовте сила да го изодам Патот до Светлината“ – си рече во себе пред да го затвори ковчежето. Го врати истото во долапот и се врати кон масата. Овојпат не седна на столчето. Стоејќи ја истргна задната корица од книгата, па ја врати амајлијата

на истото место од каде што ја извади. Ја свитка корицата по средината со плочката заробена внатре. Со дрвен чекан удираше по рабовите сè додека не исчезна процепот меѓу нив. Седна и со шилото рачно испиша одозгора: „**За оној што ќе биде избран**“. Малку подоцна, ископа дупка веднаш пред олтарот, постави еден рамен камен, ја стави свитканата корица со испишаното свртена нагоре, па ја покри со измазнет правоаголен камен, ја врати земјата назад во дупката и на крајот ја покри со тешка камена плоча.

По некое време излезе надвор. Под котлето што висеше на синџир закачен високо на гредата под чардакот, нареди суви дрва речиси до дното на котлето. Ги потпали дрвата, па се врати во собата. Огнот засилен од тивкиот ветер, брзо се изви од под чадот и се рашири околу котлето. По некое време Крис излезе надвор. Во рацете ја држеше Златната книга – пишаното предание за опстојувањето на ***Ма*** народот. Пријде и без колебање ја спушти внатре на вжештеното дно од котлето. Не требаше многу време за книгата да се претвори во жолтеникава блескава течност. Го симна котлето и го изли растопеното злато во претходно издлабен камен во форма на крст.

*****

Идното утро го разбудија славејчињата со своето прекрасно натпејување поседнати низ гранките од дрвото недалеку од прозорецот. Се зачуди кога се виде облечен, дури и со чевли на нозете во креветот. Ја истресе покривката, ја рашири врз креветот, појде надвор и се изми на бунарот. Откако ја заврши редовната утринска молитва, ја симна дрвената икона од олтарот и со груби букви

рачно ја врежа Поракатa од амајлијата – онаква каква што тој ја разбра.

Сеопшт Креатору.
Семоќен Творецу.
Твои сме и со Тебе сме.
Во нас Си.

Сеопшт Креатору.
Од Твоите сум.
Благодарам што мене ме избра
помеѓу Тебе и нив да сум?

Ја врати иконата на место, се врати неколку чекори наназад и се загледа во неа. По малку време пак ја симна истата од ѕидот и се упати кон масата. Го зеде моливот и допиша на врвот над првиот стих **Господи.**

Се покажа дека Златната книга наместо тајни, содржи невообичаени одблесоци од вечноста во која, во еден период, на чуден начин се преклопиле времињата. А, и да имаше Крис нешто испуштено при преведувањето – сеедно, тоа остана прелеано во Крстот. Достапна остана само бесмртната порака од амајлијата која, ете, нему му беше обзнаена и без сомнение еден ден ќе биде предадена напред на следниот што Создателот ќе го одбере. Пред Крис е возвишена работа – да го забележи и зачува случувањето со неговиот ***Ма*** народ од дедо му Филип, па наваму.

*****

На крајот на денот, залезот на сонцето се огледуваше во сè уште топлиот златен крст поставен на врвот на камбанаријата, а долу, Крис седнат на дрвената клупа под

стреата на црквичето, го капеше умот во руменилото што полека се гаснеше зад врвот на планината. Сонцето од зад планината иташе кон морето. Опасните ѕверови од детството на Александар одамна и засекогаш беа исчезнати од тие краишта.

Утре ќе се роди нов ден – за сигурно, а времето со отпечатоците од нашите стапки натаму ќе продолжи да го крие својот почеток и да мами дека има **крај**.

# БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

Нове Младеновски е роден во 1955 година, во селото Иванковци, Велешко, на ритчестото тромеѓе на општините Скопје, Велес и Свети Николе.

Основно училиште завршува во родното село, а средно електротехничко во Скопје. Подоцна студира во Загреб, а постдипломски во Сараево. Во Белград работи кратко време на дисертација, која поради здравствени причини, а делумно и поради распаѓањето на поранешна Југославија, ја откажува.

Паралелно со техничките науки, уште од основното училиште покажува љубов и големо внимание кон литературата, македонскиот јазик, културата, историјата, и подоцна, општествените науки.

Првите чекори во литературата ги прави уште во основно училиште. Во втора година средно, во „Млад борец" во неколку продолженија му е објавен дневник – „Записи од летниот одмор" во кој храбро го навестува својот интерес кон прозата. Одвреме-навреме пишува белешки за Радио Скопје... Читањето му станува опсесија.

Во текот на студирањето прави и обиди како новинар – во „Студентски збор" објавува неколку написи за случувањата од областа на културата во Загреб.

Станува и останува фасциниран од творештвото на Франц Кафка, на Алберт Ками, Карел Чапек, на Михаил Шолохов и други автори од класичната литература.

Единствен пријател надвор од неговиот „технички свет" му станува и останува македонскиот поет, прозаист и есеист, проф. д-р Науме Радически.

По распаѓањето на Југославија, поттикнат од огромниот притисок од соседите, па и некои западноевропски држави, врз процесите на возобновување на државноста, идентитетот, јазикот и врз природното право на историското и културното наследство, 2008-2009 год. го пишува првиот роман „Измешани светови“. Тој беше објавен во 2011 година од „Македоника литера“, а со поговорот на Науме Радически.

Романот наиде на одличен прием кај македонската дијаспора во Австралија и пошироко. Низ ист, специфичен начин, преку фиктивна приказна е прикажана апсурдноста на идејата да се бара од некој народ да си го смени името, а и незаинтересираноста на пошироката – светска јавност, за проблемите на малите народи...

## Извадоци од „Измешани светови“ – врската со „Одблесоци од вечноста“:

... (стр. 97) Крис ѝ се заблагодари на баба Евдокија, влезе во собата и ја затвори вратата. Полека го одвитка платното. Беше повеќе од изненаден. На масата лежеше со векови стар војнички штит со исковано сонце со шеснаесет краци на предната страна. Крис го подигна штитот. Под него лежеше уште едно изненадување – книга направена од тенки златни листови. На корицата имаше гравура нешто што личи на старите богови. Внатре, во книгата, со компјутерска прецизност, мајсторски изгравиран текст и симболи кои Крис не ги разбираше. Неколкупати внимателно ги изврте тенките златни листови, наместа фатени со патина, меѓутоа ништо не разбра. Единствено по ликовите претпоставуваше дека книгата зборува за боговите...

... (стр. 97) Со книгата немаше проблеми. Ја стави директно под главата на дедо Филип...

... (стр. 111) – Аце, немој ни малку да се плашиш! Со молњите што ги гледаш во далечината и со грмотевиците што ги слушаш, боговите му приредуваат добредојде на дедо Филип таму кај светлината. Го гледаш гробот долу? Дедо Филип не стигнал да ти ја раскаже најубавата приказна што ја знаел. Еден ден, кога ќе бидеш стар колку што беше стар тој, приказната ќе ја најдеш напишана во метална книга под неговата глава. Затоа, заедно со Белчо, чувајте го гробот и никому ни збор. Ако ја откриеш оваа тајна, боговите ќе му се налутат на дедо Филип. Дури може и да го камшикуваат со вжарените синџири. Ни збор. Ветуваш, нели?

– Да, бато, ветувам...
– Е, тогаш, ајде дај си рака...

... (стр. 132) Велат дека во повеќето пергаменти се споменува некаква златна книга на општата мудрост – како книга на вистината или како книга за универзалните божества. Минатото како да сака, со недооткриените тајни, да си зачува дистанца од сегашноста.

Крис цело време внимателно слушаше. Никогаш ништо немаше прочитано за античката историја. Историјата како наука сама за себе, не го интересираше. Кога гостинот ја спомена златната книга, свежите спомени од настаните во **Ма** со молскавична брзина му прелетаа низ умот. На момент се почувствува како пак да е заронет во самиот извор на историјата за која зборуваше гостинот. Посака да каже дека не постојат апсолутни тајни. Посака да каже дека тајната од книгата за боговите можеби и не е наменета за оваа цивилизација.

„Она што го содржи книгата е наменето исклучиво само за **Ма** луѓето. Кога ќе биде време, тајните од книгата сами ќе се откријат, како што тебе ти се откри тајната од штитот!“ – како да слушаше Крис нечија порака во својата потсвест.

Ја затресе главата. Изгубениот поглед му се врати врз шишето кое подолго време го имаше во рацете. Отпи малку од веќе затопленото пиво. Не кажа ништо. Менталното единство на Крис со **Ма** остана заклучено во неговата потсвест.

*****



*Појаснување:*

На монолитот е прикажан написот од Печатот од Говрлево кој датира од бронзеното време 3000 – 1200 година пред нашата ера.



Читано оддесно налево: „Сл’ с Бога с’м“.

**Посветено на мојот духовен водач**
**Протереј Отец Глигор Киселинов**

**Голема благодарност и до**
**проф. Мирјана Велјановска-Симјановска**
**за пружената поддршка и советите**
**низ процесот на создавање**
**на „Одблесоци од вечноста“.**

*Васил Тоциновски*

# ЗЛАТНАТА СУДБИНА НА ВРЕМЕТО

Новиот роман *Одблесоци од вечноста* на Нове Младеновски, (1955, Иванковци, Велешко) кој живее и создава во редовите на македонската книжевна австралиска дијаспора, е своевидно дополнување и дорекување на неговиот првенец *Измешани светови* (2011). Дело што не само ги потврдува вредностите, туку ги проширува и ги збогатува автохтоната поетика и естетските резултати. Станува збор за *ултра футуристички и за нашиов културен простор сè уште не многу вообичаен роман*, ќе запише, меѓу другото, Науме Радически за првообјавата на Младеновски, којашто вредносно го вгради во тековите и резултатите на современата македонска книжевност. Станува збор според нас, за писател кој има сопствен процес на долго осмислување и создавање на проект – книга. Ваквата оценка ја градиме по прочитување на неговиот ракопис. Навидум само лесно и убаво напишано градиво што се чита со леснотија и интерес, текст што провоцира, воспоставува дијалог и бара нови размислувања од читателот. Тој притоа воопшто не го поставува прашањето за веродостојноста на напишаното, дали сето тоа некогаш постоело и се збиднало, едноставно зашто приказната е уверлива и во неа се верува. Така перцепцијата на прочитаното за царството МА како тема и простор во книжевното дело, нурнува во тајните на столетијата од опстојба на земјата и народот како национална посебност и непокор, традиција и континуитет. Древната поука да се почитуваш и да се сакаш себеси со полн блесок на библиската земја МА, ја создава епската егзистенцијална слика како нераскинлив дел од цивилизацијата и како возвратена мера на препознавање/идентификација наша со

светот и на светот со нас. Мудро и со постојана дистанца меѓу зборот, субјектот, просторот и времето, Младеновски ја создава сопствената творечка приказна оптегната како невидлива нитка меѓу митот за Атлантида, од една, и библиската приказна за Големиот потоп, од друга страна.

Во таа и таквата постапка се вкрстуваат патиштата меѓу сонот и копнежот, можното и невозможното, реалното и иреалното наспрема двојноста/двозначноста на љубовта и довербата, верноста и интригата, првичноста и чедноста. Егзистенцијалната димензија на минливото, бесмисленото, апсурдното и парадоксалното писателот ја пишува во трето лице како вечна борба/војна меѓу судбината и времето и од другата страна на барикадата се верата и вербата. Тие се мисла и смисла во опстојбата на царот Ак'л Вториот и царицата, на принцовите Давид и Дамјан, Исидор и Исаија, испосникот и другите впечатливи и заокружени ликови и карактери кои се само знакови за идентификација на колективното историско истрајување и меморирање. За Младеновски, како на пример и кај Албер Ками, субјектот не ретко е безгласна буква. Тој е дел или подобро дефинирано драгоцено камче во градењето на мозаикот за цивилизацијата како универзум и за нејзиното богатство од народи и држави. Така си останува неповторлива и приказната за големиот и преубав град Атлантис. Единствена е и *Златната книга* како вечна тајна врежана со одговорноста пред пишаниот збор или знакови. Како што е вечна и потрагата по мислата и смислата на еднаш и кратко дадениот човечки живот. Во слободното, префинето и умешно нараторско однесување на Младеновски низ софистицираните техники за комуникација на човештвото, постојано и несетно се мешаат времињата. Како вековита и лековита вода протекуваат столетија од колективното опстојување низ нераскинливата врска на сегашноста со минатото и со постојаната мисла како грижа и совест за иднината. А иднината како димензија читателот треба внимателно да ја побара во затскриените пораки на авторот.

Нове Младеновски не е само летописец на својот народ и држава. За нив има немерливи љубов и почит. А тоа уверливо го демонстрира во приказните, коментарите и вреднувањата на историјата или поточно стокмено на историите на царството МА. Денеска се нови општествени постројки, да се послужиме со техничкиот речник на писателот, но во кои било време, власт, политика и дипломатија, татковината за народот е неговото најмило царство. Притоа сакаме уште еднаш на нагласиме оти романот *Одблесоци од вечноста* е текст и, децидно со творечката тенденција, е манифест на колективното меморирање. А во него лесно ќе се препознаат националните македонски посебности какви што се трпеливоста, истрајноста, добродушноста, не ретко злоупотребените едноставност и наивност, добронамерност, дружељубивост, верност, хуманост, но и воинственоста, храброста, колебливоста, доследноста, правдољубивоста и сонцељубивоста. Во овие само дел наброени етички и естетски правила писателот го претпочита и спонтано, како несомнени вредности на прозата, го извлекува религискиот аспект. Со хамлетовската дилема да се биде или не, што подразбира вечно војување сам со себе и истовремено со светот околу себе, субјектот точно одредува оти само слободниот е среќен човек. Без него не може поинаку да се одреди и судбината, а со неа и иднината на колективитетот. Запишавме и по нешто рековме за нараторот Нове Младеновски во кого имаме не само доследен родољубец, туку и грижник за иднината и судбината на Македонија. Така се комплетираат човечките и творечки заложби не само како убави зборови, нив ги има насекаде и премногу, но со вредни и трајни дела како единствена мера за човекот и за животот.

Во исписот на Нове Младеновски рамноправно учествуваат раскажувањето и дијалогот. Тие не воспоставуваат само одредена рамнотежа, туку и ја градат динамиката во романот. Тоа најдобро го илустрира жанрот на краткиот роман кому му припаѓа *Одблесоци од вечноста*, та на одре-

ден релативно мал број страници содржани се многу стожерни содржини. Во раскажувачките фрагменти може да се препознаат поетските и новинарски амбиции и ангажмани на авторот. Дијалозите се конкретни, неретко поетички, набиени со значења и пораки кои брзо ги менуваат сцените и состојбите. Би додале оти приказната едноставно се вообличила и пресоздала на филмска лента. Нив ги обединува модерен творечки сензибилитет. Оттука и романот се чита во еден здив. Со леснотија и задоволство. Македонската судбина е раскажана како бајка во којашто се преплетуваат магичностите од легендите и преданијата. Но, во суштина, таа е длабоко потресна и реалистичка слика за вистината/веродостојноста на човекот, просторот и времето кои имаат универзални, општочовечки значења и димензии. Тоа ќе рече оти секој народ ги има и ги носи како тежок крст своите судбина и иднина. Според светото правило како му определиле наречниците на третата вечер. Во нив можете да верувате или да ги отфрлите како бесмисла. Но, моќта на Нове Младеновски во раскажувањето на *Одблесоци од вечноста* на најдобар можен начин потврдуваат оти книжевноста непосредно извира и го одразува животот, но притоа отсекогаш била и останува нешто повеќе од самиот живот. Топло ви го препорачуваме романот за прочит и самите ќе се уверите во беспрекорната точност на констатацијата што јавно ја искажавме. Авторот и неговиот критичар исправени се сега пред судот на љубопитните читатели. Нашиот долг е исполнет, аманетот е оставен до вас, а со тоа и очекуваната возвратна мера за него.

*Никола Поповски*

# БЕЛЕШКИ ЗА ОДБЛЕСОЦИТЕ НА НОВЕ МЛАДЕНОВСКИ

Почитуван читателу: Треба да се запамети името на Нове Младеновски од повеќе причини. Првото ниво на својствата што ги поседува овој скромен, а истовремено пленувачки снажен романопишувач, е кога „од никаде, а истовремено од секаде...“ излезе, се покажа пред читателската македонска книжевна ризница со реално-научно-фантастичниот роман со наслов „Измешани светови“! Еден непознат македонски литерат, така од „ведро небо“ во 2011 година, на домашниот литературен Атлас, се покажа, како изникнат од некој подводен океански свет, на површината со ретко успешно дело, необично содржајно и сочно романеско искуство. Уште од првата страница на тој зрел литературен ум, го најави делото, литературниот Алшарски, македонски сончево-црвено-кристален лорандит, со пораката до секого: и романот и самиот автор. (Цитат): Знам од која сум! Ми кажала Таа и од Кога Сум! Знам од каде Сум. Знам и каде Сум! Не знам зошто Сум! Не знам зошто сме биле! … Не знам зошто ќе продолжиме да бидеме тоа што сме!

Толку содржајно дека Тој Нове Младеновски знае дека е од Македонија, дека Таа Македонија, му кажала и од кога е во Неа. Знае од каде е, Знае и каде е иако се прашува или дека не знае зошто Е, Тој многу мудро и паметно знае, знае и зошто сме биле и знае зошто ќе продолжиме (ние Сите Македонци, исто и Нове Младеновски ) да Бидеме тоа што Сме.

Нове гарантира со својата интуиција, далекугледаност во иднината ќе Сме... во бескрајот на Времето и на Просторот и на Народот, на Јазикот, на Идентитетот, на Земјата; Македонци, Македонија... Низ бескрајноста на живиот Универзум.

Кој не го прочитал романот „Измешани светови", треба со пиетет да го направи тоа!!! Безгранично ќе биде задоволен и решително определен дека „Измешан светови" е сончево светол вовед во разјаснувањето на тајните за Македонија, за нас Македонците...

Извонредниот познавач на литературните рожби Науме Радически многу рано, во физичка а и во духовна смисла, се пресели во бесмртниот небесен литературен и човечки Рај. А знаеше, дека романот „Измешани светови" на Нове Младеновски кај читателите рецептивно е примен со силни симпатии. Дека читателите како рецепционери, како најљубезни домаќини го примија овој роман со особена почит и пиетет. Првото издание на романот „Измешани светови" се наоѓа во приватните библиотеки на читатели во Македонија, во Европа, а најмногу во Австралија, каде што авторот Нове Младеновски, заедно со семсјтвото живее подолг период.

Почитуваниот романсиер Нове Младеновски, еве четири години по објавувањето на романот „Измешани светови" (2011, во издание на „Македоника литера" од Скопје), со снажен прозен ракопис, со нов роман, со ново ексклузивно и беспримерно литературно дело, повторно се наметнува да биде број еден во литературниот свет во Македонија па и пошироко, толкувајќи ги животот и состојбата на планетата Земја на еден од најдревните Предстарозаветни, Старозаветни, Новозаветни похристови народи на земјата, зафаќајќи се со состојбата на меѓу првите народи на овој свет, симболичниот **Ма**-народ

Нове Младеновски изникна со нов прозен ракопис, со романот „Одблесоци од вечноста". Голема честитост и имав чест меѓу првите овој роман да го прочитам во ракопис и во сите фази на формирање на ракописот до финалето и пред да замине во печатење.

На почетокот основен постулат на овој роман, сосема нов во фокусирањето на авторот, а веќе проверен и успешно заживеан по формата и содржината, на Нове Младеновски: е пак **Ма**(кедонскиот) народ, на **Ма**(кедонецот), на **Ма**(кедонската)

– опстојба еони назад во Човековата историја. За **Ма** (царството) на центарот на тогашниот Свет Атлантида.

Во Центарот на овој прозен гигант е Царството **Ма,** Царот на тоа Царство: А`кл Вториот, Принцовите (двајца) од кои едниот останува во царскиот град Дион, а вториот, тајно избран за наследник на А`кл Вториот заминува на Југ на **Ма**-царството

Нове Младеновски е испратен, достојно, присутен на овој свет да му го олесни животот на Човекот на Овој свет, но и да ја поттикне науката да го искористи човековиот ум во корисни иновации со кои многу полесно, ќе може да се чита минатото на овој свет и на Универзумот, но и да се проектира иднината! Во романот „Одблесоци од вечноста", во фабулата, во композицијата за историјата на **Ма**-народот и потрагата по вистината за тој Ма(кедонски) народ, Нове Младеновски го толкува феноменот Човек, феноменот жив свет, го опсервира тој живот на Земјата, а со помош на неговите идеи, го толкува и животот во Универзумот.

Се наметнува резимираната аксиома, како и некаквата дилема: новите сознанија што ги презентира Нове Младеновски во исклучително успешниот роман „Одблесоци од вечноста", дека се пласирани изворно, како авторот да учествувал во постоењето, поточно во формирањето на **Ма**-царството и како тој да бил еден од жителите на тогашната македонска цивилизација на Атлантида. Тоа е впечатокот при и по прочитувањето на романот, што најискрено и со најголема желба го препорачувам на секој љубител на убавата, активна, снажна литература, на вљубениците во убавиот збор, на зависниците што не можат да живеат без да прочитаат добар, успешен, гиниозен роман.

Чувството дека авторот бил сведок на големата **Ма**-цивилизација на Атлантида и милениумите потоа до денес ми дава право да резимирам: на Нове Младеновски му пошло од рака да го престигне, во живеење, секој метузалем од легендите, мистериите и митологоијата на човештвото. Дека Младеновски, маестрално ја води композицијата и фабулата во овој

роман, како тој да бил содругар, собрат, сомакедонец на **Ма**-народот, и така пластично успеал да го пренесе амбиентално-физичко-духовно-божествениот живот на Македонците пред многу милениуми и со мајсторско раскажување да му го предочи на современиот читател.

Се добива впечаток дека Нове бил современик на **Ма**-царството. Дека лично ги познава **Ма**-луѓето, таа развиена **Ма**-цивилизација, јунаците во романот Ма-царот Ак'л Вториот, принцовите Давид и Дамјан. Тајно избраниот наследник на **Ма**-царот на Ма-кедонската Империја на Атлантида, принцот што останува во царскиот град Дион. Дека го доживеал (но и го преживеал ) потопот на Атлантида, исчезнувањето на дел од Континентот – мистерија, дека останал на галија заедно со грст Ма среќници, за да ни ја раскаже таа универзална драма, да сочувствуваме дека сме потомци на Ма-народот и некогашното Ма-царство...!!!

Само уште еден великан, романсиерот Лав Николаевич Толстој, имал слични с а м н о б у л н и моменти. Кога го пишувал тритомниот „Војна и мир", долгите студени руски ноќи, на виделниче, во својата дача во Јасна Полјана, добивал живи привиденија, пред неговите очи, се водела славната одбранбена војна на рускиот непобедлив народ. Само за неповторливата умешност на Толстој да се соживи со дејствата, со личностите и со состојбите на рускиот фронт, пред неговите очи на Јасна Полјана, на таа руска рамница, Толстој „гледал" и истовремено, тоа негово сонување, таа негова фантазија, ја пренесувал на хартија.

Многу слично на овој литературен феномен доживувал и авторот на романот „Одблесоци од вечноста", Нове Младеновски.

На Младеновски му успева, читателот да го „види", да го осети, да се соживее со животот на таа мистерија – Атлантида. Да ја запознае таа земја, тој простор, тоа Време, Ма-народот: нивните воени и мирновременски години и денови, обичаите, обредите, верувањата, воинствените, но и политичките мудрости на Ма-владетелите, да ги насети опасностите и

мирниот живот на Ма-народот, но и смртта на сè што тогаш постоело, а денес е само одглас-одблесок од вечноста (парафраза на работниот наслов на романот).

Младеновски го пресоздава времето во кое тој не живеел. Тоа е мудрост и талент. Родена визија. Ретка човекова доблест. Видовитост. Со успех го апсолвира наназад неколкумилениумското време, настаните и личностите кои живееле во тоа време. Во овој возбудлив роман ќе го „сретнете“ како пејзаж, бурниот океан, мирисот на водата и на моќта, вкусот на тоа време, светлината, воздухот, начинот на живот на дамнешниот **Ма**-народ.

Впечатлива е авторовата интуиција, книжевната (литературната, романсиерска) интелигенција, свесноста, вонредното познавање на човековата свест на авторот. Сецирањето на анатомијата и психологијата на древните Ма(кедонци) луѓе. На вселенската психологија и во таа рамка и исчезнувањето на Атлантида заедно со најголемиот дел од Ма-народот. Тоа исчезнување, тој прв планетарен потоп, таа Господова казна кон човештвото за големите гревови кон Него од нас луѓето, тоа пропаѓање на Атлантида, може и пред Ное, пред Содома и Гомора, е авторовата мисија да го осветли и на својствен начин да го разјасни. Да се разјасни таа света тајна за и на Ма-народот.

Без претерување, романот „Одблесоци од вечноста“ е најексклузивна проза, пишан документ од Македонец за Македонец, за македонската земја и за тоа од кога и до кога ќе биде во вечната иднина тој народ, тој јазик, тој идентитет...

Романот „Одблесоци од вечноста“ е неуништлив п е р г а м е н т за легендарниот Ма-народ, за животот на тој народ, за симболите, формите на животот, клетвите, магиите, амајлијата, порака од Врвниот вселенски Бог, Создателот и Самосоздателот, Архитектот, Составувачот, Правачот на сè. Сè од Ништо. Прврожениот, Златната книга на Ма-народот, Карбонската, Алшарската книга, Книгата на Ма-мистеријата со чија помош Ма-народот комуницирал со целиот космички безвременски и беспросторен, вонвременски Ум!!!

Во романот е сместено сѐ. Повеќе од секое в о з м о ж н о, што го знае само авторот. Ја знае смртта на испосникот и симболот на неговиот гроб.

Почитуван читателу: Романот „Одблесоци од вечноста“, крајно ќе биде разречен, поточно, разбран, најточно протолкуван, со сите тајни и пораки во него, само ако претходно или паралелно го читаш и романот од истиот автор „Измешани светови“!!! Не е тоа апсолутен услов за да се навлезе во тајните на романот „Одблесоци од вечноста“, туку само сугестија за да се дорастајни големата тајна за Ма-народот, што ја има главната улога во фабулата, во композицијата под наслов „Одблесоци од вечноста“. Со појавување на светлината на денот на овој роман, авторот Нове Младеновски, пополнува празен простор во македонската книжевна литературна сфера во литературен род: научна литература со извонредно уверливи докази дека Вселената е најголем жив организам од кој целосно зависи животот на планетата Земја, а со тоа и живиот свет на Земјата.

# С О Д Р Ж И Н А

Вовед.........................................................................................................7
ОДБЛЕСОЦИ ОД МИНАТОТО.................................................................11
Многу, многу одамна – можеби пред повеќе
од десет илјади години во Атлантида..................................................11
Патувањето на Давид, постариот принц, на Југ во загрозената зона......21
Пристигнувањето на Давид во градот Атлантис.......................................25

ЈУЖНАТА ДРАМА.......................................................................................29
Потонувањето на градот Атлантис ..............................................................29

СЕВЕРНАТА ДРАМА..................................................................................43
Едновремено со трагедијата на Југ, подеднакво мачна
и тешка драма се одвиваше и на Север..................................................43
Големи поплави во царскиот град Дион.....................................................47
Соочувањето на Дамјан, некрунисаниот цар,
со последиците од катастрофалните поплави......................................53
Уништување на сликата – пропаст на изгубениот народ.........................58
ВРАЌАЊЕ ВО ЗАРОДИШОТ.......................................................................62
Ненадејното појавување на бродоломникот Исидор
на брегот во царството *Ма*..........................................................................62
Пристигнување на царот Каран во светиот храм на брегот......................69
Средбата на Прворoдениот од Дамнешното
време со брата си Исаија од Тогашното време.......................................72
Прворoдениот се враќа во храмот кај испосникот....................................82
Животот на Прворoдениот во храмот – живот во безвремето................ 86
ОДБЛЕСОЦИ ОД ИДНИНАТА..................................................................95

*Белешка за авторот*......................................................................................101
*Извадоци од „Измешани светови“ – врската со „Одблесоци од вечноста“*...........................................................................................................103
*Васил Тоциновски: Златната судбина на времето*.................................107
*Никола Поповски: Одблесоците на Нове Младеновски*..........................111

**Нове Младеновски**
**ОДБЛЕСОЦИ ОД ВЕЧНОСТА**

*Издавач*
МАКЕДОНИКА литера
**Скопје**
www.makedonikalitera.mk
E–mail: makedonikalitera@yahoo.com
Tel.: +389 (0)2 2722 820; +389 (0)2 6151 084

*Уредник*
**Нове Цветаноски**

*Лектура*
**Лилјана Јовановска**

*Дизајн на корица*
**Ленче Тосева**

*Подготовка за печат*
МАКЕДОНИКА литера

*Печат*
**Графо ден**
**Скопје, 2015**

Тираж: 500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.42-31

МЛАДЕНОВСКИ, Нове
Одблесоци од вечноста / Нове Младеновски. - Скопје : Македоника литера, 2015. - 119 стр. ; 20 см. – Белешка за авторот -

Златната судбина на времето
Одблесоците на Нове Младеновски

ISBN 978-608-4614-87-6

COBISS.MK-ID 98768138